СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА

ЗА

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПРИДРУЖНО УСЛУЖНИ ОБЈЕКТИ НА РЕГИОНАЛНИОТ ПАТ Р1307 СО НАМЕНА А4.2 - МОТЕЛИ НА КП 202/6, ДЕЛ ОД КП 181, ДЕЛ ОД КП 183/1, ДЕЛ ОД КП 202/1, ДЕЛ ОД КП 202/5, ДЕЛ ОД КП 203/2, ДЕЛ ОД КП 204/2 И ДЕЛ ОД КП 425, КО ШУРЛЕНЦИ, ОПШТИНА РЕСЕН

Н А Ц Р Т В Е Р З И Ј А

Септември, 2026 година

Enviro resources
CONSULTING COMPANY
www.enviroresources.com.mk
Лондонска бр.19 ТЦ - Тафталиџе/с3 лок 1 и 2, Скопје
тел/фак: 26138-360

Со цел навремено да се согледаат евентуалните влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето, како и социо - економските аспекти од реализација на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за придружно услужни објекти на регионалниот пат Р1307 со намена А4.2 - мотели на КП 202/6, дел од КП 181, дел од КП 183/1, дел од КП 202/1, дел од КП 202/5, дел од КП 203/2, дел од КП 204/2 и дел од КП 425, КО Шурленци, Општина Ресен, согласно член 65, став 2 од Законот за животна средина („Сл. Весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и („Сл. Весник на РСМ" бр. 89/22, 171/22, 3/25 и 124/25) се наложи потребата за спроведување на Стратегиска оцена на животната средина. Извештајот за Стратегиска оцена е потпишан од Експерт за Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина (видено од Копија на потврда, дадено во прилог).

Во подготовката на Извештајот за Стратегиска оцена на влијание врз животната средина учествуваа:

- Емил Стојановски, дипл. инж. по заштита на животна средина,
- Љупчо Аврамовски, дипл. економист,
- Кети Стојановска, м-р. по менаџмент на човечки ресурси.

Горенаведениот извештај за стратегиска оцена на животната средина согласно член 66 став (5) од Законот за животна средина е потпишан од лице кое е вклучено во листата на експерти за стратегиска оцена на влијанието врз животната средина која ја води Министерството за животна средина и просторно планирање. Како доказ за истото во прилог на извештајот е дадена копија на Потврдата со број 12-4226/3 од 21.06.2022 година дадена од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање.

КД Енвиро Ресурси, ДОО
Скопје
Управител
Емил Стојановски

Enviro resources
CONSULTING COMPANY
www.enviroresources.com.mk
Лондонска бр.19 ТЦ - Тафталице/с3 лок 1 и 2, Скопје
тел/фак: 26138-360

Имајќи предвид потребата од изработка на Извештај за стратегиска оцена врз животната средина за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за придружно услужни објекти на регионалниот пат Р1307 со намена А4.2 - мотели на КП 202/6, дел од КП 181, дел од КП 183/1, дел од КП 202/1, дел од КП 202/5, дел од КП 203/2, дел од КП 204/2 и дел од КП 425, КО Шурленци, Општина Ресен, како и одредбите од Законот за животна средина донесувам:

Р Е Ш Е Н И Е

За определување на експерт за изработка на Извештај за стратегиска оцена на животната средина

Емил Стојановски, дипломиран инженер, се определува за овластен Експерт за изработка на стратегиска оцена на животна средина за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за придружно услужни објекти на регионалниот пат Р1307 со намена А4.2 - мотели на КП 202/6, дел од КП 181, дел од КП 183/1, дел од КП 202/1, дел од КП 202/5, дел од КП 203/2, дел од КП 204/2 и дел од КП 425, КО Шурленци, Општина Ресен.

Образложение:

Емил Стојановски, дипломиран инженер, ги исполнува условите пропишани со член 23 став (3), член 72 став (2) и (3) од измените и дополнувањето на Законот за животна средина на („Сл. Весник на РСМ” бр. 89/22) и се стекна со правото да биде вклучен во Листата на експерти за стратегиска оцена на животната средина што ја води Министерството за животна средина и просторно планирање на РСМ.

КД Енвиро Ресурси, ДОО
Скопје
Управител
Емил Стојановски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Број 12-4226/3
Датум: 21-06-2022 година

УВЕРЕНИЕ

за положен стручен испит за стекнување на
статус експерт за стратегиска оцена на животната средина

Стојановски Душан Емил роден на 01.03.1975 година во Скопје, дипломирал на ден 13.09.2007 година на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје на Машински факултет, го положи **стручниот испит за стратегиска оцена на животната средина** на ден 26.12.2012 година, се стекна со **статус на експерт за стратегиска оцена на животната средина,** ги исполнува условите утврдени во член 23 став (3), член 72 став (1), а во врска со член 27 став (2) и (3) од измените и дополнувањето на Законот за животна средина („Службен весник на РСМ" бр. 89/22), и се стекна со правото да биде вклучена во Листата на експерти за стратегиска оцена на животната средина што ја води Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија.

Министерство за животна средина и
просторно планирање

Министер
Naser Nuredini

М.П.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Број 12-4349/2
Датум: 21-06-2022 година

УВЕРЕНИЕ

за положен стручен испит за стекнување на
статус експерт за стратегиска оцена на животната средина

Аврамовски Методиа Љупчо роден на 01.03.1953 година во Скопје, дипломирал на ден 22.06.1977 година на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје на Економски факултет, го положи **стручниот испит за стратегиска оцена на животната средина** на ден 30.12.2010 година, се стекна со **статус на експерт за стратегиска оцена на животната средина,** ги исполнува условите утврдени во член 23 став (3), член 72 став (1), а во врска со член 27 став (2) и (3) од измените и дополнувањето на Законот за животна средина („Службен весник на РСМ" бр. 89/22), и се стекна со правото да биде вклучена во Листата на експерти за стратегиска оцена на животната средина што ја води Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија.

Министерство за животна средина и
просторно планирање

Министер
Naser Nuredini

М.П

Број: 0805-50/150020260164876

Датум и време: 23.4.2026 г. 11:14

Дигитално потпишан од: CRRSM
Централен Регистар на Република Северна Македонија
Датум и час на потпишување: 23.04.2026 во 11:14
Издавач на сертификатот: KIBSTrust Issuing Qseal CA G2
Сертификатот е валиден до: 05.11.2026
Документот е дигитално потпишан и е правно валиден

/Електронски издаден документ/

ТЕКОВНА СОСТОЈБА

ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	6068448
Целосен назив:	Консултантско друштво ЕНВИРО РЕСУРСИ ДОО Скопје
Кратко име:	ЕНВИРО РЕСУРСИ ДОО Скопје
Седиште:	ЛОНДОНСКА бр.19 ТЦ-Тафталиџе/с3 лок1и2 СКОПЈЕ - КАРПОШ, КАРПОШ
Вид на субјект на упис:	ДОО
Датум на основање:	27.1.2006 г.
Деловен статус:	Активен
***Вид на сопственост:**	Приватна
ЕДБ:	4030006576746
Потекло на капиталот:	Домашен
Големина на субјектот:	мал
Организационен облик:	05.3 - друштво со ограничена одговорност
Надлежен регистар:	Трговски Регистар

ОСНОВНА ГЛАВНИНА	
Паричен влог MKD:	0,00
Непаричен влог MKD:	419.900,00
Уплатен дел MKD:	419.900,00
Вкупно основна главнина MKD:	419.900,00

Верификација
Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на QR кодот, односно на следниот линк:
https://www.crm.com.mk/ds/validateDocument/7159207D911ED0F2AFD7648D475D635D6C50D098BE016B561C2CBBE3DDA37ED2

Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ може да биде електронски верификувана.

СОПСТВЕНИЦИ	
Име и презиме/Назив:	ЉУПЧО АВРАМОВСКИ
Адреса:	ВАСИЛ ЃОРГОВ бр.20-1/40 СКОПЈЕ - КАРПОШ, КАРПОШ
Тип на сопственик:	Содружник
Паричен влог MKD:	0,00
Непаричен влог MKD:	214.100,00
Уплатен дел MKD:	214.100,00
Вкупен влог MKD:	214.100,00

Име и презиме/Назив:	ЕМИЛ СТОЈАНОВСКИ
Адреса:	БУЛ.КОЧО РАЦИН бр.10/44 СКОПЈЕ, ЦЕНТАР
Тип на сопственик:	Содружник
Паричен влог MKD:	0,00
Непаричен влог MKD:	205.800,00
Уплатен дел MKD:	205.800,00
Вкупен влог MKD:	205.800,00

ДЕЈНОСТИ	
Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:	74.990 - Сите останати стручни, научни и технички дејности, н.д.м.
ОПШТА КЛАУЗУЛА ЗА БИЗНИС	
Евидентирани се дејности во надворешниот промет	
Други дејности:	Надворешна трговија со прехранбени производи и непрехранбени производи Изведување на градежни работи во странство Посредување и застапување во меѓународниот промет на стоки и услуги Консигнациона продажба Реекспорт Деловни и менаџмент консултантски активности во меѓународниот промет

ОВЛАСТУВАЊА	
Управител	
Име и презиме:	ЕМИЛ СТОЈАНОВСКИ
Адреса:	БУЛЕВАР КОЧО РАЦИН бр.10/44 СКОПЈЕ, ЦЕНТАР
Овластувања:	Управител - Дипломиран инженер по заштита на животна средина
Тип на овластување:	Неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет
Ограничувања:	*
Овластено лице:	Управител

Верификација
Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достални со користење на QR кодот, односно на следниот линк:
https://www.crm.com.mk/ds/validateDocument/7159207D911ED0F2AFD7648D475D635D6C50D098BE016B561C2CBBE3DDA37ED2

Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ може да биде електронски верификувана.

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ	
КОНТАКТ	
E-mail:	contact@enviroresources.com.mk

Напомена:
Во тековната состојба прикажани се само оние податоци за кои има запишана вредност.

*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Верификација
Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на QR кодот, односно на следниот линк:
https://www.crm.com.mk/ds/validateDocument/7159207D911ED0F2AFD7648D475D635D6C50D098BE016B561C2CBBE3DDA37ED2

Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ може да биде електронски верификувана.

Содржина:

	Вовед	11
1.	Цели на Планскиот документ	14
1.1	Цели на заштита на животната средина	17
1.2	Специфични цели на Стратегиската оцена	19
1.3	Употребена методологија	20
1.4	Законодавна рамка	22
1.5	Институционална рамка	24
1.6	Содржина на Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина	26
1.7	Резиме	27
2.	Преглед на планскиот документ	28
2.1	Основи на Планскиот документ	28
2.2	Плански опфат	28
2.2.1	Географска и геодетска местоположба	28
2.2.2	Намена на употреба на земјиштето	29
3.	Краток опис и образложение на планските решенија за изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура	33
3.1	Сообраќајно поврзување	33
3.2	Комунална инфраструктура	34
3.3	Електроенергетска инфраструктура и ПТТ инсталација	34
4.	Карактеристики на просторот и сегашна состојба со животната средина	35
4.1	Карактеристики на просторот	35
4.1.1	Рељефни услови, наклон и експозиција на теренот	35
4.1.2	Геолошки карактеристики	36
4.1.3	Сеизмолошки карактеристики на теренот	36
4.1.4	Хидротехничка структура	36
4.1.5	Климатски и микроклиматски карактеристики	37
4.1.6	Население	37
4.1.7	Хидротехничка инфраструктура	38
4.1.8	Културно наследство	38
4.1.9	Природно наследство	39
4.2	Опис на сегашната состојба со животна средина во планскиот опфат	50
4.3	Сегашна состојба со животната средина во и околу планскиот опфат	61
5.	Состојба без имплементација на планскиот документ	63
6.	Алтернативи и чинители за избор на алтернатива	66
7.	Претпоставени влијанија врз медиумите на животната средина	69
8.	Мерки за заштита, намалување и неутрализирање на значајните влијанија врз животната средина од	

	имплементација на планскиот документ	78
9.	План на мерки за мониторинг на животната средина	91
10.	Нетехничко резиме	93
11.	Прилози	100
	Додаток	102
	Користена литература	106

Вовед

Во Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за придружно услужни објекти на регионалниот пат Р1307 со намена А4.2 - мотели на КП 202/6, дел од КП 181, дел од КП 183/1, дел од КП 202/1, дел од КП 202/5, дел од КП 203/2, дел од КП 204/2 и дел од КП 425, КО Шурленци, Општина Ресен се систематизирани податоци за постојната состојба во рамки на планскиот опфат, анализа на можностите за просторен развој и програмските проекции за подрачјето на планскиот опфат и Планска документација во која се презентирани планскиот концепт и дефинирани се сите плански одредби потребни за донесување и спроведување на планот.

Со самото реализирање на оваа планска задача во делот на извештајот на Стратегиската оцена на животна средина се добиваат податоци за почвата, воздухот, водата, климатските фактори, населението, здравјето на луѓето, материјалните добра и др. и се создаваат услови за изнаоѓање на причините врз основа на која се одбираат алтернативите и се предвидуваат мерки за заштита и намалување на негативните влијанија. Со идентификацијата на можните проблеми треба да се рационализираат трошоците и да се направи најсоодветен избор на мерките за заштита на животната средина. Резултатот од учеството на јавноста треба да се земе што е можно повеќе. Преку реализација на планскиот опфат доаѓа до подобрување на економските услови преку отварање на нови работни места, односно ќе се создадат услови за економско ангажирање на населението, а со самото тоа воспоставување на предуслови за одржлив економски развој.

Постапка за утврдување на неопходност од спроведување на стратеиска оцена (СЕА) за плански документ кој го подготвува локалната управа (Screening)



Оцената на влијанието на определени стратегии, планови и програми врз животната средина и здравјето на луѓето е постапка со која се проценуваат ефектите врз животната средина и здравјето на луѓето од спроведувањето на предложените документи. Целта е можните ефекти да бидат земени во предвид во раната фаза на подготовката на документите вклучувајќи ги и промените на истите. Исто така, цел на Стратегиската оцена е да се интегрира заштитата на животната средина и здравјето на луѓето во процесот на подготвување и донесување на планските документи преку експертска проценка и проценка на јавноста пред донесување на истите.

Подготовката на планскиот документ ги дефинира и јасно ги утврдува основните, а со тек на време и реалните цели и правци во доменот на земјоделството, шумарството, енергетиката, индустријата, туризмот, управување со отпадот, управување со водите, просторното и урбанистичко планирање и користење на земјиштето, како и Националниот акционен план за животна средина и локалните акциони планови за животна средина кои ја налага потребата согласно член 65 од Законот за животна средина од спроведување на Стратегиската оцена на влијанието на животната средина на овие плански и програмски решенија и цели.

Стратегиската оцена на влијанието на животната средина се состои од неколку фази на планирање:

- проверка;
- определување на опфат;
- основни податоци на животната средина;
- подготовка на извештајот за животна средина;
- консултација со засегнатата јавност;
- прифаќање на стратегијата и
- мониторинг.

При определување на обемот и деталноста на информациите во Извештајот за животна средина, органот кој го подготвува планскиот документ е должен да побара мислење од органите кои се засегнати од планскиот документ. Исто така, според Архуската Конвенција и Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина („Сл. Весник на РМ" бр. 147/08 и 45/11) член 8, органот кој го подготвува планскиот документ е должен да го вклучи учеството на јавноста преку:

- ќе треба да се утврди динамиката и роковите што ќе бидат реални за ефикасно учество на засегнатата јавност;
- нацрт-правилата ќе треба да бидат јавно расположливи, и
- на јавноста ќе треба да и се овозможи да даде коментар.

Министерството за животна средина и просторно планирање јасно ги дефинира основните, а со време и остварливите цели и правци на развојот, особено во поглед на неопходните квалитативни структурни промени и за нив релевантни и адаптибилни решенија и опции. Непосредната поврзаност и меѓусебната условеност помеѓу планскиот опфат и влијанието на животната средина наметнува едновремен, интегрален третман на просторот и

дефинирање на долгорочна стратегија за уредување, опремување и користење на просторот и ефикасна заштита на животната средина, природата и културно-историското наследство во регионот.

Посебно внимание е посветено на карактеристиките на користење на земјиштето. Правната и административна рамка, која ги опфаќа основните закони, стратешки планови и стандарди на животната средина, како и процедурите за Стратегиска оцена на животна средина обработени се во посебно поглавје од овој Извештај.

Анализата на алтернативите кои се опфатени со овој извештај укажува на потребата од неминовно спроведување на Стратегиската оцена на влијанието врз животната средина во процесот на планирање заради правилна и поефикасна избрана алтернатива. Очекуваните резултати врз животната средина, препораките и мерките за намалување на влијанијата, како и планот за мониторинг се прикажани и објаснети во посебни сегменти од овој Извештај.

1. Цели на Планскиот документ

Согласно чл. 58 став (6) од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25 и 134/26) за градби и инфраструктури од државно и локално значење вон населени места и вон опфат на урбанистички планови, на земјоделско, шумско и друго земјиште, крајбрежни појаси и други простори за кои што не постојат услови и/или економска оправданост за донесување на урбанистички план, а постои соодветен или некатегоризиран сообраќаен пристап, врз основа на услови за планирање, може да се изработи урбанистички проект вон опфат на урбанистички план.

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за придружно услужни објекти на регионалниот пат Р1307 со намена А4.2 - мотели, на КП 202/6, дел од КП 181, дел од КП 183/1, дел од КП 202/1, дел од КП 202/5, дел од 203/2, дел од КП 204/2 и дел од 425, КО Шурленци Општина Ресен се изработува врз основа на Услови за планирање на просторот со намена хотелски комплекси на КП 202/6, дел од КП 425 и дел од КП 181, КО Шурленци, Општина Ресен, со тех. бр. Y10424, март 2024 со Решение за услови за планирање на просторот бр. УП1-15 550/2024 од 14.03.2024 година и Дополна на услови за планирање на просторот за придружно услужни објекти на регионалниот пат Р1307, со намена мотели КО Шурленци, Општина Ресен со тех. бр. Y10424i, септември 2025, со Решение за услови за планирање на просторот бр. 15-3986/2 од 3.10.2025 година.

Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план се изработува во согласност со:

- Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25 и 134/26) и
- Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26).

Просторот кој е предмет на изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план се наоѓа на територијата на Општина Ресен, во КО Шурленци. Предметниот плански опфат ги зафаќа следниве катастарски парцели од КО Шурленци:

- КП 202/6, дел од КП 181, дел од КП 183/1, дел од КП 202/1, дел од КП 202/5, дел од КП 203/2, дел од КП 204/2 и дел од КП 425.

Површината на проектниот опфат во рамки на опишаните граници изнесува вкупно 25879,15м^2 (2,59 ха).

Предметната локација се наоѓа североисточно од населено место Сирхан, на надморска височина од околу 853м.

Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, просторот со намена хотелски комплекси, КО Шурленци, Општина Ресен, влегува во граници на Национален Парк Галичица, и се наоѓа во близина на заштитен Споменик на природата Преспанско Езеро:
ГАЛИЧИЦА НП (Национален парк - заштитен)

Националниот парк Галичица се наоѓа во југозападниот дел на РСМ, на територија што се простира долж македонскиот дел од масивот на планината Галичица, Сува Гора и на делови од нејзините огранoци Исток и Пречна Планина, вклучително и островот Голем Град во Преспанското Езеро. Вкупната површина на Националниот парк Галичица изнесува 24.151,4 ха. Националниот парк, како комплексна целина со Охридското и Преспанското Езеро претставува релативно ограничена област со многу високо и богато ниво на биолошка разновидност, хетерогеност и ендемизам, проценета како најимпресивна европска локација, кога се зборува за богатство на биолошка разновидност и присуство на ендемични видови.

Релевантните регионални патни правци за предметната локација, според Просторниот план на Република Македонија, влегуваат во групата на регионални патишта Р1 и Р2 и се со ознака:

- Р1307 - (Ресен-врска со А3 - Царев Двор - Отешево - гр. со Р. Албанија-ГП Стење),
- Р2332 - Врска со Р1307 (Царина) - Трпејца (врска со А3 и Р1301).

Динамиката за реализација на мрежата, што ќе овозможи целосно опслужување на Републиката, ќе биде во функција на сообраќајните потреби (очекуваниот обем на сообраќајот), потребите за интеграција во европскиот патен систем, како и економската моќ на државата, а трасите на меѓународните и магистралните патишта, задолжително ќе поминуваат надвор од населените места и се предлага да се решаваат со денивелирано вкрстосување со останатата патна мрежа. При планирањето да се почитува Законот за јавни патишта („Сл. Весник на РМ” бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13,187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16) и („Сл. Весник на РСМ” бр. 174/21, 253/23, 224/24, 135/25 и 269/25).

До локацијата се пристапува од Регионалниот пат Р1307. Од регионалниот пат на северо-западната страна од проектниот опфат се надоврзува постоен локален пат во рамките на катастарската парцела 202/6, кој е асфалтиран и изведен со променлив профил и преку истиот се обезбедува пристап до содржините во рамки на истата.

Во рамките на опфатот евидентирани се повеќе објекти сите со катност приземје. Еден објект е со намена Б3.1 - ресторан. До него има еден помошен објект. Единаесет објекти се со намена А4 - објекти за времено сместување и еден помошен објект. Евидентиран е и еден објект со намена Е1.8 - инфраструктури за пренос на електрична енергија - трафостаница. Во рамките на опфатот има изведено и едно спортско игралиште.

Останатиот простор е неизградено земјиште.

На подрачјето на катастарската општина Шурленци која е предмет на анализа има евидентирани незаштитени недвижни добра кои поседуваат елементи да бидат прогласени за споменични добра:

Цркви и Манастири:

- Св. Никола, с. Шурленци КП 233, обновена 1928 год.

Археолошки локалитети:

- Археолошки локалитет Кале, с. Шурленци, среден век, тврдина.

Анализираното подрачје се наоѓа во непосредна близина на значајно културно наследство и локацијата според Просторниот план на Охридско-преспанскиот регион (разработка на Просторниот план на Р. Македонија), се наоѓа во простор со културен предел и верски објекти каде треба да се почитуваат одредбите за заштита согласно законот.

Согласно допис од Министерство за култура - Управа за заштита на културното наследство број 17-2462/2 од 28.07.2025 год., во границите на опфатот не постои културно наследство, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Согласно добиеното писмо од Номагас (08-2906/2 од 23.06.2025 год.) на наведениот плански опфат нема изградено ниту планирано гасоводна мрежа.

Согласно допис од Дирекција за заштита и спасување ПО Ресен со број 09-77/2 од 25.06.2025 год. има посебни услови кои се вградени во текстуалниот дел и прописи кои се следат при изработката на планското решение во графичкиот дел.

Согласно добиеното писмо од ЈПДП со бр. 10-7500/2 од 04.07.2025 год., покрај предметниот проектен опфат поминува регионалниот пат Р1307 за кој е во плановите на Јавното претпријатие за државни патишта не е предвидено проширување ниту менување на сегашната траса.

Согласно добиеното писмо од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје 10-55/7-330 од 19.06.2025 год., добиени се податоци и прилог - графички приказ за постојна мрежа во рамките на проектниот опфат кои се вградени во планското решение.

Согласно добиеното писмо од МЕПСО со бр. 11-3698/1 од 25.06.2025 год., предметниот плански опфат не се пресекува со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО.

Согласно допис од Македонски Телеком АД со бр. 72667 од 19.06.2025 год., доставени се податоци за постојна МКТ инфраструктура во рамките на проектниот опфат кои се вградени во планското решение.

Согласно добиеното писмо од АЕК бр. 1404-1358/2 од 19.04.2024 год., доставени се податоци со кои располага Агенцијата за електронски комуникации, кои се вградени во планското решение.

Согласно добиениот допис од МВР - Оддел за информатика и телекомуникации, Сектор за телекомуникации бр. 11.2.75971/2 од 25.07.2025 год., не располагаат со податоци за постоење на телекомуникациска инфраструктура на МВР во предметниот опфат.

Планот со доследна примена на актуелната законска и подзаконска регулатива, треба да предложи развој што ќе овозможи подобар степен на искористеност на градежното земјиште и подобра комунална инфраструктура, како и непречена реализација на планските одредби.

Локацијата на кој се планира овој план припаѓа на планскиот опфат на Просторен план на Охридско-Преспанскиот регион заради што е неопходно да се почитуваат и планските одредби од овој регионален просторен план.

1.1 Цели на заштита на животната средина

Заштитата на животната средина подразбира множество на различни постапки и мерки кои го спречуваат загрозувањето на животната средина. Под заштита на животната средина се подразбира не само заштита на човекот туку и заштита на билната вегетација и животинскиот свет. Целите на заштитата на животната средина се заштита на здравјето на луѓето, квалитетот на екосистемите, заштита на растителниот и животинскиот свет и културни добра чиј творец е човекот, зачувување на рамнотежата и еколошката стабилност на природата, рационално и адекватно користење на природните ресурси.

Декларацијата за животната средина е донесена на Светската конференција на Обединетите држави во 1972 година. Стокхолмската конференција за човековата средина, одржана 1972 година ја разбудила свеста и го означила почетокот на еколошката ера и истовремено ја иницирала Парискатa конвенција на Претседатели на Држави и Влади на земјите од Европската економска заедница, одржана истата година. Во усвоената декларација како основна цел на еколошкиот развој се наведува смалување на ризикот во поглед на условите на живот, подобрување на квалитетот на живеење и да се во остварување на овие цели посебно внимание обрати на заштитата на животната средина. Според тоа, Европското законодавство кое го има усвоено Советот на Европските економски заедници се нагласи гаранцијата на правото на секој граѓанин на чиста и здрава животна средина.

Во текот на 1992 година во сила стапи Базелската Конвенција, чија што цел е смалување на супстанциите одредени како опасен отпад. Во Мај 2004 година стапи во сила и Стокхолмската конвенција за перзистентни органски загадувачи, со кои ги дефинира 12 екстремно отровни органски загадувачи, барајќи нивна редукција или нивно целосно елиминирање.

Меѓународната правна заштита на животната средина се сведува во најголем дел на меѓународно - правна акција против загадувањето. Сепак, меѓународната регулатива во областа на животната средина сеуште не достигнала на ниво кој би овозможил мирен живот на сите живи суштества на нашата планета. Се донесуваат разни протоколи, конвенции, декларации и др.

РСМ, во рамките на евроинтеграциските процеси во животната средина има потпишано голем број на меѓународни конвенции, билатерални договори и протоколи и кои заедно со националните прописи ја сочинуваат правната рамка која го уредуваат управувањето со медиумите на животната средина. Во процесот на апркосимацијата на ЕУ законодавство од областа на животната средина преку транспонирање на ЕУ законодавството РСМ ги има донесено следните закони:

- Закон за животна средина („Сл. Весник на РМ” бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и („Сл. Весник на РСМ” бр. 89/22, 171/22, 3/25 и 124/25);

- Закон за квалитет на амбиентниот воздух („Сл. Весник на РМ" бр. 100/12 (пречистен текст), 163/13, 10/15 и 146/15) и („Сл. Весник на РСМ" бр. 151/21 и 3/25);
- Закон за управување со отпад („Сл. Весник на РСМ" бр. 216/21 и 3/25);
- Закон за заштита од бучавата во животната средина („Сл. Весник на РМ" бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13, 146/15 и 63/16) и („Сл. Весник на РСМ" бр. 151/21 и 3/25);
- Закон за заштита на природата („Сл. Весник на РМ" бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 63/16 и 113/18) и („Сл. Весник на РСМ" бр. 151/21 и 3/25) и др.

Процесот на усогласување со законодавството на ЕУ и во сегашно време е во тек, посебно во техничките барања дадени во анексите на ЕУ Директивите. Листата на релевантни закони и релевантни ЕУ Директиви и меѓународни договори се дадени во точката 11 од овој Извештај. Сите обврски што произлегуваат од овие законски и национални стратешки документи, беа анализирани и земени во предвид при дефинирање на основните цели за заштита на животната средина во планскиот опфат при изготвување на овој Извештај.

Како генерални цели утврдени по овие значајни основи се следните:

- Обезбедување на превентивни мерки на заштита на водните ресурси-подземните води од можните загадувачки емисии на материи од реализирање на планскиот опфат;
- Искористување на обновливите извори на енергија - како чиста енергија, преку имплементирање на концептот почиста средина;
- Воспоставување на перманентен мониторинг на квалитетот на водата, почвата и воздухот;
- Збогатување на шумскиот фонд преку засадување на појас од соодветни дрвни растенија;
- Сочувување на постојниот биодиверзитет и елиминирање на можните контаминации на истиот и негово исчезнување;
- Воспоставување на перманентна соработка во следењето на состојбите во областа на квалитетот на водата, почвата и другите медиуми во животната средина од страна на локалните и Републичките здраствени институции од аспект на сочувување на здравјето на населението;
- Вклучување на јавноста во процесот на мониторирање на состојбите и донесување на одлуки за медиумите во животната средина;
- Воспоставување на база на податоци за состојбата во секој медиум во животната средина по принципот (движечка сила-притисок-состојба на животната средина-влијание-одговор) на локално и регионално ниво.

Во овој процес се предлага поцелосно имплементирање на горе наведените цели преку реализирање систем на предлог мерки за заштита, одбегнување, намалување, неутрализирање или компензација на негативните влијанија од реализација на предвидените содржини согласно урбанистичкиот план. За таа цел во понатамошниот текст на содржината на овој документ се предлагаат:

⇒ Технички мерки кои треба да се превземат за време на спроведување на планот;
⇒ Препораки за подготвување, донесување и дополнување на плановите и програмите во рамките на спроведувањето на законските обврски во животната средина.

1.2 Специфични цели на Стратегиската оцена

Специфичните цели на Стратегиската оцена на животната средина се дефинирани согласно националната и меѓународната легислатива и се прикажани преку статусот на биолошка разновидност, населението, здравјето на луѓето, материјалните добра, културното наследство и пределот:

- Реализацијата на планското решение да обезбеди заштита на животната средина, подобрување на економските услови и зголемување на животниот стандард на населението;
- Правилно управување со просторот заради одржување на евентуалниот диверзитет на флора и фауна и заштита на засегнатите, ретки и ендемични видови;
- Обезбедување на заштитно зеленило, со формирање на хортикултурни насади;
- Подобрување на квалитетот на воздухот;
- Зачувување на квалитетот на површинските и подземни води;
- Интегрирано управување со отпадот преку исцрпување на сите можности за негово искористување како секундарна суровина и одложување на инертниот отпад на депонија;
- Минимизирање на појавите од несреќи и хаварии;
- Зачувување на културното наследство;
- Зачувување на карактеристиките на пределот и животната средина.

Целите на овој плански документ се компатибилни со целите на следните стратешки документи:

- Управување со отпад;

-Урбан развој и просторно планирање;
-Развој на еколошко-културен туризам;

- Заштита на биодиверзитетот;

-Управување и користење на природните ресурси;
-Да се зачува биолошката рамнотежа на екосистемите;
-Подигање на еколошка свест;
-Примена на алтернативи (обновливи извори на енергија).

Планираната документација е усогласена со релевантните актуелни плански и стратешки документи на национално и регионално ниво, особено со документите кои се однесуваат на регионалниот развој, туризмот, заштитата на природата и управувањето со отпадот.

Релевантни документи се:

- Програмата за развој на Југозападниот плански регион и Програма за развој на Пелагониски плански регион, како основен регионален


плански документ со кој се утврдуваат развојните цели, приоритети и мерки за рамномерен и одржлив развој на регионот. Програмата ги опфаќа клучните развојни области од значење за Југозападниот плански регион, вклучително и економскиот развој, инфраструктурата, туризмот, заштитата на животната средина и одржливото користење на природните ресурси.

- Националната стратегија за туризам на Република Северна Македонија за периодот 2016-2021 година, која претставува понов национален стратешки документ во однос на претходната Национална стратегија за развој на туризмот 2009-2013 година. Согласно достапните актуелни информации, во последниот период се укажува на потребата од донесување нова Национална стратегија за развој на туризмот, поради што документот од 2016-2021 година треба да се третира како последна донесена национална стратегија, а не како актуелен стратешки период.
- План за управување со Националниот парк Галичица за периодот 2021-2030 година и и План за управување со СП Преспанско Езеро за период 2024-2033, кој претставуваат актуелни плански документи за управување, заштита и унапредување на природните вредности на Националниот парк. Плановите ги дефинираат целите, приоритетите и мерките за зачувување на природното наследство, биолошката разновидност и одржливото користење на природните ресурси во рамките на заштитеното подрачје.
- Националниот план за управување со отпад на Република Северна Македонија за периодот 2021-2031 година, кој претставува релевантен национален плански документ во областа на управувањето со отпадот и ги утврдува насоките за воспоставување интегриран систем за управување со отпад, намалување на количините на отпад за одлагање, унапредување на селектирањето, повторната употреба и рециклирањето, како и воспоставување регионален систем за управување со отпад.

Покрај наведените документи, при изработката на планската документација потребно е да се земат предвид и важечките национални и локални плански документи, законската и подзаконската регулатива од областа на животната средина, управувањето со отпадот, заштитата на природата и просторното и регионалното планирање, како и релевантните документи за заштита и одржливо користење на природните ресурси.

1.3 Употребена Методологија

При подготовката на Извештајот за стратегиска оцена се креираше методологија компатибилна на карактеристиките на просторот опфатен со планскиот документ, планската задача, достапните стратегии и документи.



Графички приказ на методологијата за изработка на Извештајот за Стратегиска оцена на животна средина

При спроведување на постапката етапно беа превземени следните чекори:

- Примарно беа дефинирани целите за заштита на животната средина утврдени во стратешките документи на локално, национално и меѓународно ниво;
- Се оствари разговор со претставникот на изработувачот на планскиот документ за целите на инвестиционите активности и содржините кои ќе бидат опфатени во просторот и нивната разместеност;
- Се направи првичен увид на сегашните состојби во животната средина во анализираниот плански опфат, неговата околина и пошироко;
- Подетално се проучија содржините што се предвидени да се лоцираат во планскиот опфат, урбанистичкиот проект, како и просторната документација, намената и категоријата на земјиштето;
- Детално се разгледаа техничките решенија предвидени за реализација на проектната задача;
- Увид на постојната реализирана урбанистичка состојба на подрачјето дефинирано со планскиот опфат (бесправна градба, сообраќаен пристап и сл.);

- Согледување на можните негативни влијанија по животната средина од реализација на содржините предвидени со урбанистичкиот проект;
- Надминување на негативните влијанија по животната средина од реализација на содржините предвидени со урбанистичкиот проект;
- Предлагање на превентивни и корективни мерки за ублажување евентуалните влијанија по животната средина;
- Вклучување и запознавање на сите заинтересирани страни во процесот на изготвување на документот и утврдување на состојбите во животната средина со реализација на планот.

При изготвување на планскиот документ користена е стручна литература од оваа област, ЕУ Директивите, националните стратешки документи, релевантна законска регулатива, меѓународни договори, просторни и урбанистички планови и други релеванти за изработка на документот.

1.4 Законодавна рамка

Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за придружно услужни објекти на регионалниот пат Р1307 со намена А4.2 - мотели на КП 202/6, дел од КП 181, дел од КП 183/1, дел од КП 202/1, дел од КП 202/5, дел од КП 203/2, дел од КП 204/2 и дел од КП 425, КО Шурленци, Општина Ресен е изработена согласно постојната законска регулатива во животната средина и природата во РСМ:

Животна средина

Закон за животна средина („Сл. Весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и („Сл. Весник на РСМ" бр. 89/22, 171/22, 3/25 и 124/25).

Стратегиска оцена на животната средина

1. Уредба за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето („Сл. Весник на РМ" бр. 114/07);
2. Уредба за содржината на извештајот за стратегиска оцена на животната средина („Сл. Весник на РМ" бр. 153/07);
3. Уредба за стратегиите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето („Сл. Весник на РМ" бр. 153/07 и 45/11);
4. Уредба за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина („Сл. Весник на РМ" бр. 147/08 и 45/11);
5. Правилник за формата, содржината и образецот на Одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и на

формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена („Сл. Весник на РМ” бр. 122/11).

Заштита на природата
Закон за заштита на природата („Сл. Весник на РМ” бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 63/16 и 113/18) и („Сл. Весник на РСМ” бр. 151/21 и 3/25).

Амбиентен воздух
Закон за квалитет на амбиентниот воздух („Сл. Весник на РМ” бр. 100/12-пречистен текст, 163/13, 10/15 и 146/15) и („Сл. Весник на РСМ” бр. 151/21 и 3/25).

Закон за урбано зеленило („Сл. Весник на РМ” бр. 11/18 и 42/20) и („Сл. Весник на РСМ” бр. 224/24).

Управување со отпад
Закон за управување со отпад („Сл. Весник на РСМ” бр. 216/21 и 3/25).

Заштита од бучава
Закон за заштита од бучава во животната средина („Сл. Весник на РМ” бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13, 146/15 и 63/16) и („Сл. Весник на РСМ” бр. 151/21 и 3/25).

Води
Закон за води („Сл. Весник на РМ” бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16) и („Сл. Весник на РСМ” бр. 151/21 и 3/25).

Заштита и спасување
Закон за заштита и спасување („Сл. Весник на РМ” бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18) и („Сл. Весник на РСМ” бр. 215/21 и 124/25).

План за управување со отпад на РСМ (2021-2031)

Просторно планирање
Просторен план на Република Македонија („Сл. Весник на РМ” бр. 39/04).

Закон за просторно и урбанистичко планирање
Закон за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ” бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25 и 134/26).

Правилник за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ” бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26).

1.5 Институционална рамка

Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. Весник на РМ" бр. 58/00, 44/02, 13/06, 82/08, 167/10, 36/11 и 51/11) и („Сл. Весник на РСМ" бр. 96/19, 110/19, 154/19 и 121/24) ги дефинира следните надлежности на Министерството за животна средина и просторно планирање:

- следењето на состојбата на животната средина;
- заштитата на водите, почвата, флората, фауната, воздухот и озонската обвивка од загадување;
- заштитата од бучава, радијација, заштитата на биодиверзитетот, геодиверзитетот, националните паркови и заштитените области;
- реставрацијата на загадените делови од животната средина;
- предлагањето мерки за третман на цврст отпад;
- просторното планирање;
- просторниот информативен систем;
- надзорот од негова надлежност и
- врши и други работи утврдени со закон.

Законот за организација и работа на органите на државната управа во ова насока на Министерството за животна средина и просторно планирање му дава клучна улога, во процесот на креирање на политиката за заштита на животната средина.

Одредени надлежности во управувањето со животната средина имаат и други органи на државната управа и локалната самоуправа како што се:

- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- Министерство за транспорт;
- Институтот за јавно здравје;
- Министерство за здравство;
- Хидрометеролошки Завод, и
- Единиците на локалната самоуправа.

Значајна улога во процесот на донесувањето на законите од областа на животната средина има и Собранискатa комисија за транспорт врски и екологија.


Во процесот на Стратегиска оцена на животната средина, Министерството за животна средина и просторно планирање има одредени надлежности пропишани со Законот за животната средина, како што се:

- подготовка на решение во оние случаи во кои не се согласува со одлуката за спроведување, односно неспроведување на СОВЖС или со определениот обем на СОВЖС во одлуката;
- подготовка на решение за соодветноста на извештајот на СОВЖС за планскиот документ, и;
- воспоставување и ажурирање на листата на експерти за СОВЖС.

Органи на државната управа/единиците на локална самоуправа кои ги подготвуваат-усвојуваат планските документи согласно Законот за животната средина имаат обврска за:

- подготовка на извештајот за СОВЖС;
- објавување на информации за отпочнувањето на подготвувањето на планските документи и за учество на јавноста во процесот на консултации;
- објавување на информации за нацрт планскиот документ кој се подготвува и за предлог извештајот за СОВЖС;
- подготовка на извештајот од консултацијата со јавноста врз основа на добиените коментари и мислења од јавните консултации;
- комплетирање на извештајот за СОВЖС и на планските документи со добиени мислења и коментари, и
- мониторинг на влијанијата од имплементацијата на планскиот документ и во случај на негативни ефекти и информирање на МЖСПП.

Во овој процес Министерството за надворешни работи е одговорно за спроведување на прекугранични консултации за СОВЖС во однос на доставување на известување до соседната држава, која може да биде засегната од подготовката на планскиот документ или кога РСМ може да биде засегната од подготовка на плански документ во соседна држава.



1.6 Содржина на Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина

Спроведувањето на Стратегиската оцена на животната средина е интерактивен процес кој треба да се спроведе паралелно со развојот на планот или програмата. Стратегиската оцена на животната средина е процес за да се осигура дека значителен ефект врз животната средина што произлегуваат од политики, планови и програми се идентификуваат, оценуваат и намалуваат. Важен инструмент за да им се помогне во постигнување на одржлив развој и креирање на политиката е Стратегиската оцена на животната средина. Посебни бенефиции во Стратегиската оцена вклучуваат:

- Поддршка на одржливиот развој;
- Да се подобрат доказите како добра основа за стратешките одлуки;
- Да се консултираат сите заинтересирани страни во процесот на изготвување на документот и утврдување на состојбите во животната средина со реализација на планот;
- Да се насочат на други процеси, како што се влијанието врз животната средина на оценките врз одделни развојни проекти.

Стратегиската оцена следејќи ги одредбите за содржината на овој Извештај, ги обработува следните содржини:

- Карактеристики на животната средина во областите кои би биле значително засегнати;
- Проблеми од областите кои се од посебно значење за животната средина, а особено од аспект на заштита на дивите птици и хабитатите;
- Целите на заштита на животната средина, одредени на национално или меѓународно ниво, кои се релевантни за планскиот документ и начинот на кој овие цели и сите аспекти на животната средина се земени во предвид за време на нивните подготовки;
- Веројатните значајни влијанија врз животната средина во целина, вклучително и врз биодиверзитетот, здравјето на луѓето, флората, фауната, водата, воздухот, почвата, климатските фактори, културното наследство, пејсажот и материјалните придобивки. Овие влијанија вклучуваат секундарни, краткорочни, долгорочни, трајни и привремено позитивни и негативни ефекти;
- Резиме/краток преглед на причините на алтернативите, опис за тоа како е направена проценката, вклучувајќи ги сите потешкотии (како што се техничките недостатоци или недостигот на know-how) до кои се дошло при собирањето на потребните информации;
- Опис на предвидените мерки кои се однесуваат на мониторингот во согласност со законските обврски;
- Не-техничко резиме на информациите дадени во согласност со барањата наведени во претходните точки.

1.7 Резиме

Врз основа на спроведената Стратегиска оценка на животната средина за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за придружно услужни објекти на регионалниот пат Р1307 со намена А4.2 - мотели на КП 202/6, дел од КП 181, дел од КП 183/1, дел од КП 202/1, дел од КП 202/5, дел од КП 203/2, дел од КП 204/2 и дел од КП 425, КО Шурленци, Општина Ресен, органот е должен да ги следи ефектите врз животната средина и здравјето на луѓето со цел во раната фаза да се согледаат евентуалните влијанија напоредно со изработката на планската документација пред да биде прифатлива за имплементација.

2. Преглед на Планскиот документ

2.1 Основи на Планскиот документ

Со Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план план за придружно услужни објекти на регионалниот пат P1307 со намена А4.2 - мотели, на КП 202/6, дел од КП 181, дел од КП 183/1, дел од КП 202/1, дел од КП 202/5, дел од 203/2, дел од КП 204/2 и дел од 425, КО Шурленци, Општина Ресен се оформува градежна парцела во рамките на проектниот опфат, се предвидуваат урбанистички параметри за планирани градби, нивната поставеност во однос на ГП, како и решавање на внатрешниот сообраќај и озеленувањето.

Урбанистичкиот проект се изработува врз основа на параметрите од:

- Услови за планирање на просторот од Агенција за планирање на просторот со број Y10424 од март 2024 година,
- Решение од Министерство за животна средина и просторно планирање со број УП1-15-550/2024 од 14.03.2024 година,
- Известување со арх. бр. 15-3208/2 од 04.8.2025 година од МЖСПП, дека Y10424 имаат правосилна важност имаат правосилна важност,
- Дополна на услови за планирање на просторот за придружно услужни објекти на регионалниот пат P1307, со намена мотели КО Шурленци, Општина Ресен со тех. бр. Y10424i, септември 2025,
- Решение за услови за планирање на просторот бр. 15-3986/2 од 3.10.2025 година,
- Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за ажурирана геодетска подлога КО Шурленци, дел. бр. 08-617/4 од 27.12.2023 и
- Анекс на геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за ажурирана геодетска подлога КО Шурленци, дел. бр. 08-617/4-1 од 26.01.2024 година.

2.2 Плански опфат

2.2.1 Географска и геодетска местоположба

Предметната локација се наоѓа североисточно од населено место Сирхан, на надморска височина од околу 853м.


Просторот кој е предмет на изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план се наоѓа на територијата на Општина Ресен, во КО Шурленци. Предметниот плански опфат ги зафаќа следниве катастарски парцели од КО Шурленци:

- КП 202/6, дел од КП 181, дел од КП 183/1, дел од КП 202/1, дел од КП 202/5, дел од КП 203/2, дел од КП 204/2 и дел од КП 425.

Градежната парцела од северо-западната страна граничи со Регионалниот пат P1307, на југо-источната страна се граничи со Преспанското Езеро. Градежната парцела на северо-источната и југо-западната страна граничи со соседни парцели.

Главниот пешачки пристап и пристапот за автомобили е од северозападната страна.

Површината на проектниот опфат во рамки на опишаните граници изнесува вкупно 25879,15 м^2 (2,59 ха).



Урбанистичко решение - Синтезен прилог

2.2.2 Намена на употреба на земјиштето

Со овој УП се разработува градежната парцела со тоа што во нејзините граници се предвидуваат површини за градење со соодветни урбанистички параметри. Надвор од границата на градежната парцела во опфатот се предвидува површина за сообраќај - влезно-излезни ленти за пристап до парцелата од регионалниот пат Р1307.

Согласно одобрената планска програма, во рамките на градежната парцела се предвидува комплекс од градби со основна класа на намена:

- А - домување и престој
- А4 - времен престој
- А4.2 - мотели.

Во рамки на комплексот од градби, за успешно спроведување и дополнување на основната класа на намена А4.2 - мотели, согласно одредбите

од чл. 80-84 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26), во рамките на опфатот ќе се предвидат компатибилни класи на намени на градбите до максимум 40% од бруто површината на основната намена, како и комплементарни намени кои ќе обезбедат дополнување, функционално комплетирање и остварување на основната намена на градбата.

Во градежната парцела се предвидуваат следниве компатибилни класи на намени:

- Б - комерцијални и деловни намени
- Б1 - мали единици за комерцијални и деловни дејности.
- Б3 - големи единици за угостителска дејност
- Б6 - простори за собири и публика
- Д - зеленило, рекреација и меморијални простори
- Д3 - спорт и рекреација на зелени површини.

На КП 202/6 се наоѓа комплекс за времено сместување, кој се состои од објекти со намени А4 - времено сместување, Б3 - големи единици за угостителска дејност, Е1.8 - инфраструктури за пренос на електрична енергија - трафостаници и помошни објекти. Со предметниот УП се предвидуваат две нови површини за градење со намена А4.2 - мотели, а постојната трафостаница (со намена Е1.8 - инфраструктури за пренос на електрична енергија - трафостаница), се задржува во постојните граници.

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА СОГЛАСНО УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ											
Број на градежна парцела	Површина на градежна парцела	Основна класа на намена	Компатибилна класа на намена	Број на градба	Намена на градба	Површина на градба	Катност на градба	Висина до венец	Вкупна изградена површина	Процент на изграденост	Коефициент на искористеност
						[m²]		[m]	[m²]	[%]	
1	25134.91	А4.2	Б1, Б3, Б6, Д3	1	А4.2	2578.44	П+2	H=13.5m	7735.33	28.63	0.67
				2	А4.2	4610.35	П+1	H=8.5m	9220.69		
				3	Е1.8	6.20	П	постојна	6.20		
	25134.91		Б1, Б3, Б6, Д3	Вкупно	А4.2/ Е1.8	7194.99	П/П+1 /П+2	H=13.5m/ 8.5m/ постојна	16962.23	28.63	0.67

Биланс на планирани површини за проектен опфат (P=25879.15m²)						
Намени во градежна парцела		Површина под објекти	Внатрешен и стационарен сообраќај	Поплочена пешачка површина	Зеленило	Вкупно
	[m²]	7194.99	2462.67	1594.49	13882.76	25134.91
	[%]	28.63	9.80	6.34	55.23	100.00
Сообраќајни површини вон ГП						744.24
Вкупно проектен опфат						25879.15

Површината за градба 1.1 е со намена А4.2 - мотели и на истата се планира централната зграда на мотелот со сместување и пропратни содржини - рецепција, ресторан, конференциска сала и сл. Градбата ќе биде со катност П+2, и максимална висина до венец од 13,5м.

Површината за градба 1.2 е апроксимативна површина за градба во која со разработка на овој УП ќе се предвидат повеќе помали површини за градба, од кои секоја ќе биде поединечна единица за сместување со максимум 4 легла. Максималната катност на овие објекти ќе биде П+1, со висина до венец од 8,5м.

Површината 1.3, ограничена со информативна линија, е со намена Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија. Истата се наоѓа во рамките на заштитниот појас од регионалниот пат и затоа за неа не се предвидува иден развој развој и се задржува од постојните рамки.

Поради големиот пад на теренот во опфатот, од регионалниот пат кон езерото, котата на нултата плоча на објектите е одредена во однос на пристапната сообраќајница и истата изнесува 852,95 мнв.

Детални услови за ГП 1

За градежната парцела ГП 1 се предвидуваат следниве детални услови за проектирање и градење:

Основна класа на намена А4.2 - мотели

Компатибилни класи на намена (од ДУП) Б1 - мали единици за комерцијални и деловни дејности, Б3 - големи единици за угостителска дејност, Б6 - простори за собири и публика, Д3 - спорт и рекреација на зелени површини

Максимално дозволен % на учество на збирот на компатибилни класи во однос на основната 40%

Површина на градежна парцела 25134.91м^2

Вкупна површина за градење 7194,99м^2

Вкупно изградена површина за градба 16962,23м^2

Процент на изграденост 28,63%

Коефициент на искористеност 0,67

Максимална катност на градба П/П+1/П+2

Максимална височина на градба постојна/8,5м/13,5м

Влез во парцела од постоечки пристап од регионален пат Р1307.

Детални услови за градбите во ГП 1

Детални услови за градба 1.1

Намена на градба А4.2 - мотели

Површина за градење 2578,44м^2

Вкупно изградена површина 7735,33м^2

Катност П+2

Максимална височина на градба 13,50м

Паркирање 1 паркинг место на 8 легла

Детални услови за градба 1.2
Во рамките на оваа апроксимативна површина за градба, при спроведувањето на овој УП со идејни и основни проекти, може да се предвидат повеќе поединечни градби за сместување
Намена на градба А4.2 - мотели
Површина за градење 4610,35м^2
Вкупно изградена површина 9220,69м^2
Катност П+1
Максимална височина на градба 8,50м
Паркирање 1 паркинг место на 8 легла

Детални услови за градба 1.3
Намена на градба Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија (трафостаница)
Површина за градење 6,20м^2
Вкупно изградена површина 6,20м^2
Катност П
Максимална височина на градба постојна.


3. Краток опис и образложение на планските решенија за изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура

Основните решенија на комуналната инфраструктура се засноваат на постојната и планирана состојба. Истите се изработени во согласност со постојните важечки прописи за проектирање на ваков вид на објекти, приспособени на локалните услови, односно диктирани од нив (локациски, рељефни и условеноста од постојната изведена инфраструктурна мрежа).

3.1 Сообраќајно поврзување

До локацијата се пристапува од постоечкиот приклучок на Регионалниот пат Р1307, кој е потврден во Основниот сообраќаен проект за проектирање на мерки за подобрување на безбедноста на сообраќајот на регионален патен правец Р-1308 - Макази - Маркова Нога, граница Грција со стационажа 00+000км до стационажа 24+922км и кракот од Макази до граничен премин Стење, Република Албанија Р-1101 и Р-1307 со стационажа од 00+000 до 23+980 км, крак Асамати - Претор со стационажа 00+000км до стацонажа 03+555км, и кракот за манастир Св. Богородица од 04+500км или вкупна должина од 56+957км. Постојниот приклучок е помеѓу стационажа 12 + 300 и 12+ 400 и истиот е соодветно обележан со сигнализација.

Во рамките на градежната парцела од овој приклучок продолжува внатрешна сообраќајница која ќе биде со следниов профил:



Околу планираните површини за градба планирана е поплочена површина за движење на пешаци.

Стационарниот сообраќај делумно ќе се смести во рамките на предвидениот паркинг простор со 57 паркинг места, од кои 2 се за лица со инвалидитет, а доколку има потреба остатокот ќе се решава во рамките на предвидените површини за градење. Пресметката на бројот на потребни паркинг места ќе биде согласно чл. 134 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26).


За намената А4.2 - мотели потребни се:

- 1 паркинг место на 8 легла.

За предвидените компатибилни намени потребни се:

- За Б1- мали комерцијални и деловни дејности
- 1 паркинг место на 100м^2 од вкупно изградената површина

- Б3 - големи угостителски единици
- 1 паркинг место на 20м^2 од вкупно изградената површина
- Б6 - простори за собири
- 1 паркинг место на 8 - 16 гледачи во зависност од локалниот степен на моторизација.



3.2 Комунална инфраструктура

Објектите кои се планираат во рамки на опфатот ќе се приклучат на постојна водоводна мрежа која се наоѓа во непосредна близина.

Во рамки на опфатот или во непосредна близина, нема фекална или атмосферска канализација. Поради тоа се предвидува водонепропусна септичка јама во рамки на опфатот. Точните димензии и типот на септичката јама ќе се дефинираат со разработка на Основниот проект.

3.3 Електроенергетска инфраструктура и ПТТ инсталација

Приклучок на објекти со електрична енергија ќе се изведе во договор и по инструкции на правни субјекти што стопанисуваат со нив, на ниво на градот Ресен, а врз основа на предложеното проектно решение и соодветните техничките норми и прописи. Согласно техничките нормативи, профилите за инсталациите внатрешно за градбите и градежната парцела ќе се определат со основниот проект, а ќе се приклучат на постоечката трафостаница и планираните инфраструктурни линии и објекти.

Самото приклучување во постојната телефонска мрежа на планираните телефонски корисници ќе се изврши со приклучок до постојните телекомуникациски инсталации во согласност со Македонски Телеком АД-Скопје.

4. Карактеристики на просторот и сегашна состојба со животната средина

4.1 Карактеристики на просторот

Општина Ресен се наоѓа во преспанската котлина, во југозападниот дел на РСМ и опфаќа површина од 739 км^2. Поделена на копно со 562 км^2 и вода со 177 км^2 претставува посебна просторна целина, која географски се простира околу пресекот на 410 северна географска ширина и 210 источна географска должина. Подрачјето на општината е утврдено со закон и ги опфаќа подрачјата на населените места, градот Ресен и селата: Арвати, Асамати, Болно, Брајчино, Волкодери, Горна Бела Црква, Горно Дупени, Грнчари, Долна Бела Црква, Илино, Јанковец, Царев Двор и др. Во Општина Ресен во хармонична мултиетничка заедница живеат 14.373 жители.



Местоположба на градот Ресен во РСМ

4.1.1 Рељефни услови, наклон и експозиција на теренот

Општина Ресен се наоѓа на југозападниот дел на Македонија, на тромеѓе помеѓу Грција на југ и Албанија на југозапад, и на север со општина Демир Хисар, исток со општина Битола и запад со Охрид. Општина Ресен се поклопува со делот од котлината на Преспанско Езеро на северната половина. Котлината е затворена со планини од околните области-на исток со Баба Планина со Пелистер и на запад со Галичица. На северниот дел од

брегот се наоѓа приезерска рамница која е најважниот и најнаселениот дел од општината.

4.1.2 Геолошки карактеристики

Геоморфологијата на преспанскиот регион е многу интензивна. Геоморфолошкиот карактер на регионот е дефиниран со двете езера, Мала и Голема Преспа и високите планински масиви (Мали и Тате, Трикларио) ситуирани на кусо растојание околу обалите на двете езера. Планинската област со висина од 1000 до 1500 мнв се простира во најголемиот дел од регионот.

4.1.3 Сеизмолошки карактеристики на теренот

Врз основа на досегашните сеизмолошки истражувања на територијата на РМ е констатирано дека во Битолско-Ресенското сеизмолошко подрачје треба да се очекуваат земјотреси со максимална магнитуда M=5,70 кои на површината на теренот ќе с еманифестираат со епицентрален интензитет до 8 степени според МЦС скала.


4.1.4 Хидротехничка структура

Хидротехничката инфраструктура на територијата на Општина Ресен ги опфаќа системите за водоснабдување, фекална и атмосферска канализација, одведување и третман на отпадните води, како и објектите и системите за управување со површинските и подземните води. Општина Ресен се наоѓа во Преспанската Котлина и зафаќа површина од околу 739 км, од кои околу 562 км се копнена, а 177 км водна површина. На нејзината територија се наоѓа македонскиот дел од Големото Преспанско Езеро, што претставува еден од најзначајните водни ресурси во регионот.

Хидрографската мрежа на Општина Ресен е тесно поврзана со Големото Преспанско Езеро. Како значајни притоки на езерото во македонскиот дел се наведуваат Источка, Преторска, Брајчинска и Голема Река, која поминува низ градот Ресен. Водите од Преспанското Езеро преку подземни понорници истекуваат кон Охридското Езеро.

Големото Преспанско Езеро има значајна улога за водниот режим и природните екосистеми на регионот. Според Општина Ресен, езерото зафаќа околу 284 км, има најголема длабочина од околу 54 м, а површината на македонскиот дел претставува најголем дел од езерската површина.

Поради значењето на земјоделството, особено производството на јаболка, хидротехничката инфраструктура во Општина Ресен има значење и за наводнувањето на земјоделските површини. Преспанскиот регион располага со системи и објекти за зафаќање, транспорт и дистрибуција на вода за земјоделски потреби.



Водостопанска инфраструктура (Извор: Просторен План на РМ)

4.1.5 Климатски и микроклиматски услови на регионот

Климата во општината е умерено-континентална, со медитеранско влијание преку клисурата Грло на југозапад од Малото Преспанско Езеро и преку планинскиот превој Превтис на југозападниот дел од Мала Преспа. Тоа условува топли лета со свежи ноќи и благи зими. Просечната годишна релативна влажност на воздухот изнесува 64%.

Поголемиот дел од оваа е котлина под водата на Преспанското Езеро, кое во одредена мера се јавува како климатски модификатор на својата околина. Езерото се наоѓа на нв од 850 м и претставува терморегулатор за околниот воздух, посебно на температурата на воздухот во зимските месеци и тоа во декември и јануари.

Просечната годишна температура изнесува 10,2ºЦ, со најтопол месец јули со просечна месечна температура од 21ºЦ, минимална вредност од 0,3ºЦ во месец јануари. Преспанската котлина се одликува со долготрајно сончево зрачење и просечната годишна сума изнесува 1400 до 2600 часови. Маглата во Преспанското подрачје е ретка појава, главно поради честото проветрување и присуство на големите езерски водени површини.

4.1.6 Население

Човекот со своите активности отсекогаш влијаел на промените во природата и врз состојбите во животната средина. Во сегашниов момент интензитетот на влијанието на антропогениот фактор станува сé поактуелен, а во одредени средини и алармантен. Динамичниот развој на науката, техниката и технологијата, високиот напредок на автоматизацијата, стопанскиот развој, особено индустријализацијата и неконтролираниот урбан развој доведоа до енормно експлоатирање на природните ресурси, невнимателен однос спрема природата, загрозување, па дури и уништување на некои растителни и животински видови. Недоволното познавање и

непоседување на еколошката етика, условија длабоки промени во екосистемите на нашата планета.

Во вакви услови човекот е единствениот фактор кој може да делува позитивно за надминување на овие состојби во животната средина. Човекот со своите активности, здружен во меѓународни рамки, зачекори сериозно во мобилизирање на сите сили, за подобрување на состојбите и унапредување на квалитетот на живеење во човековата природна средина.

Според Пописот во 2021 година во општина Ресен живеат 14.373 жители.

Миграцијата село-град во претходните 20-тина години беше мошне изразена, но во последниве години е доста намалена како резултат на подобрените услови за живеење во селата. Миграцијата надвор од земјата сеуште е застапена, посебно на млади кадри кои заминуваат во другите земји во потрага по вработување.

4.1.7 Хидротехничка инфраструктура

Општина Ресен се снабдува со вода за пиење од регионалниот водовод Крушје-Ресен-Сирхан, кој ги снабдува градот Ресен со околу 8000 жители и 16 села со околу 4000 жители.

Од локалниот систем Курбиново-Претор-Асамати се снабдуваат три села со 500 жители. Сопствени водоводи имаат 16 села со околу 4000 жители. Водоснабдувањето не е решено само во едно село.

Снабдувањето со вода од регионалниот водовод се врши со каптирани извори во местото викано Спаса во Крушје, а во летен период, кога се намалува штедроста на изворите, вода се пумпа и од трите длабински бунари во близина на Царев Двор. Издашноста на изворите варира во текот на зимските и летните месеци. Потребни дневни количини на вода на жителите се различни и зависно од периодот на снабдување тие можат да се движат од 70 л/сек во зимскиот период и во рана пролет до 110 л/сек во лето.

Водата се дезинфицира во базени со помош на натриум хипохлорид. Хлорирањето се врши со две дозир пумпи. Секојдневно се врши проверка на квалитетот на водата на дваесет места. Тоа го врши Заводот за здраствена заштита од Битола, правејќи биолошки и биохемиски анализи. Државниот завод за санитарни прегледи редовно врши анализи на квалитетот на водата.

4.1.8 Културно наследство

На подрачјето на Преспа регистирани се 130 археолошки локалитети од различни периоди од развојот на материјалната култура, потоа 1000 археолошки експонати итн.

Ресенската керамичка колонија е членка на Интернационалната Академија за керамика при УНЕСКО и спомен музејска ликовна поставка „Кераца Васулчева”.

Како еден од значајните споменици на културата од исламска архитектура е сочувана Хаџирамадановата џамија. Изградена е од страна на битолскиот бег во 1592 година.



Културно наследство во РСМ

Подрачјето кое е предмет на анализа припаѓа на Охридскиот регион и според Просторниот план на Охридско-преспанскиот регион, врз база на заштитно-конзерваторски основи, утврдено е значајно културно наследство:

- Цркви и Манастири: Св. Никола, с. Шурленци КП 233, обновена 1928 година;
- Археолошки локалитети: Археолошки локалитет Кале, с. Шурленци, среден век, тврдина.

КО Шурленци-Кале, средновековна тврдина. Југозападно од селото се издига ридот Магарица кој доминира над езерскиот брег и над патот што води за Отешево и Стење.

4.1.9 Природно наследство

Природните услови во Општина Ресен, геолошката градба, релјефната структура, климата, хидрографијата, педолошкиот состав, овозможуваат богато разнообразие на растителниот и животински свет.

Заштитата на природното наследство во РСМ се заснова непосредно на Уставот, на Законот за заштита на природата, на Законот за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро и Законот за заштита на националните паркови, како и со други закони и подзаконски акти кои ја регулираат оваа област. Вредностите на биодиверзитетот се презентираат низ мрежа на заштитени подрачја со утврден режим на користење и заштита.

Согласно Законот за заштита на природата и Меѓународната агенција за природа (IUCN) се врши категоризација на заштитени подрачја од денот кога е донесен новиот закон, и тоа:

- општи природни резрервати - (националните паркови, строги природни резервати, научно-истражувачки природни резервати, предели со посебни природни карактеристики, карактеристични пејзажи);
- посебни природни резервати;
- одделни растителни и животински видови надвор од природните резервати;
- споменици на природата;
- меморијални споменици на природата.

Грижата за заштитата на одделни растителни заедници, реликти и ендемити е незначителна и покрај заложбите за надминување на состојбите од страна на одредени научни работници, институции и еколошки друштва.

Галичица НП (Национален парк-заштитен)

Националниот парк Галичица се наоѓа во југозападниот дел на РСМ, на територија што се простира долж македонскиот дел од масивот на планината Галичица, Сува Гора и на делови од нејзините огранoци Исток и Пречна Планина, вклучително и островот Голем Град во Преспанското Езеро. Вкупната површина на Националниот парк Галичица изнесува 24,151 ха.

Националниот парк, како комплексна целина со Охридското и Преспанското Езеро претставува релативно ограничена област со многу високо и богато ниво на биолошка разновидност, хетерогеност и ендемизам, проценета како најипресивна европска локација, кога се зборува за богатство на биолошка разновидност и присуство на ендемични видови.

Ендемични растенија и животни: Во Паркот се среќава исклучително голем број на локални ендемити од кои: 29 таксони од алги, 12 видови од скриеносемените растенија и 68 фаунистички видови. Покрај тоа, во Паркот се среќава голем број на други таксони кои се ендемични за РСМ, од кои: 46 таксони од вишите растенија и 123 таксони од фауна. Фауната во Паркот е застапена и со 172 видови на Балкански ендемити, од кои: 158 видови од Инвертебратната фауна, четири (4) видови на водоземци, пет (5) видови на влечуги и пет (5) видови на цицачи. Поради присуството на овие видови, Паркот има големо значење за зачувување на биолошката разновидност во РСМ, но и за науката на глобално ниво.

Видови од големо социоекономско значење: Во Паркот се среќаваат голем број растенија и габи чии делови се собираат поради нивите хранливи, лековити и ароматични својства, за лична употреба или за комерцијална намена. Меѓу нив, по своето значење се издвојуваат охридскиот чај (Sideritis reaseri) и смреклинките (Juniperus communis).

Видови кои се силно препознатливи и атрактивни за локалното население и посетителите: Од вишите растенија тоа се: галичичкиот смил (Helichrysum zivojini), галичичката качунка (Crocus cvijici), охридскиот чај (Sideritis raeseri), галичичкиот козинец (Astragalus mayeri), дивата фоја (Juniperus excelsa), персиската морина (Morina persica), галичичкиот чувар куќа (Sempervivum galicicum), македонскиот даб (Quercus trojana), омеликата (Genista

radiata) и Lilium heldreichii. Од габите, во оваа група на видови се вбројуваат јајчарката (Amanita caesarea), Battarraea phalloides, Hymenochaete cruenta, Myriostoma coliforme, Pisolithus arhizus и Pyrofomes demidoffii. Од безрбетниците тоа се: сагата (Saga pedo), алпската стрижибуба (Rosalia alpina), еленчето (Lucanus cervus), царското самовилско коњче (Anax imperator), Paracaloptenus caloptenoides, Calosoma sycophanta и Carabus gigas. Од рбетниците голем број од птиците се вбројуваат во оваа група, особено грабливите птици, пеликаните и многу други. Од цицачите тоа се кафеавата мечка (Ursus arctos), рисот (Linx linx), волкот (Canis lupus), дивата коза (Rupicapra rupicapra balcanica) и срната (Capreolus capreolus).

Покрај биолошката разновидност, меѓу клучните природни вредности на Паркот се вбројуваат и ретките геоморфолошки феномени. Стара Галичива и островот Голем Град по нивните севкупни геоморфолошки карактеристики се ретки или единствени форми во Југоисточна Европа. Од поодделните форми на рељефот на стара Галичива се издвојуваат тревните тераси кон Преспанската страна на Стара Галичица, кои со одредени свои карактеристики се единствени, или исклучително ретки во евромедитеранскиот регион, но и глобално. Покрај нив значајни се и камените потковици во внатрешноста на цирковите на Стара Галичива, кои се ретки или единствени форми во Југоисточна Европа, додека самите циркови имаат големо национално значење.

Зонирање на паркот:

Согласно Законот за заштита на природата и целите на управување утврдени со Планот за управување со Националниот парк Галичица, во Паркот се воспоставуваат следните зони:

- Зона за строга заштита со вкупна површина од 2.116 ха;
- Зона за активно управување со вкупна површина од 12.275 ха;
- Зона за одржливо користење со вкупна површина од 9.612 ха и
- Заштитен појас со вкупна површина од 147 ха.

Предметната локација се наоѓа во зоната на одржливо користење. Согласно Планот за управување со Национален Парк Галичица, во зоната на одржливо користење се забранети следните активности:

- Палење на оган на отворено
- Собирање на животни
- Лов и риболов
- Уредување на неуредени извори
- Нови објекти за зафаќање на вода од извори и водотеци во паркот.

Според меѓународниот сојуз за заштита на природата и природните богатства (International Union for Conservation of Nature and Natural Resources – IUCN) има меѓународен статус II категорија.

Заштитна категорија према Меѓународниот сојуз за заштита на природата и природните богатства (International Union for Conservation of Nature and Natural Resources – IUCN):

Меѓународен статус: IUCN II-Национални паркови

Националните паркови се релативно големи области кои содржат репрезентативни примероци за значајните природни региони или каде растителните и животинските видови, геоморфолошките положби и области се од специфична научна, образовна и рекреативна значајност (интерес). Тие содржат еден или неколку цели екосистеми кои не се материјално земени од човекова експлоатација или окупација. Најкомпетентните авторитети во земјата кои имаат јурисдикција врз тие области да преземат чекори за заштита или елиминирање на експлоатацијата и окупацијата и ефективно да се грижат за почитување на еколошките, геоморфолошките или естетските карактеристики.

Областа треба да е одржувана така, за да ги одржува рекреативните и образовните (научни) активности на контролирано ниво. Областа да се одржува во природна или скоро природна состојба. Влегувањето на посетителите да е под специјална контрола за образовни, културни и рекреативни цели.

ПРЕСПАНСКО ЕЗЕРО СП (споменик на природата - заштитен) езерото се наоѓа на крајниот југозападен дел од РСМ, на тромеѓето меѓу Македонија, Грција и Албанија. Лежи во тектонската котлина помеѓу планините Баба на исток, Галичица и Петринска Планина на запад и северозапад и Сува Гора на југ. Завзема површина од околу 274 км^2, од кои на РСМ и припаѓаат 176,8 км^2. Се наоѓа на надморска височина од 850м, а 0 кота на водостој на езерото е на кота 847,6м на водомерната летва во с. Наколец. Преспанското Езеро, како и Охридското Езеро настанало во плиоцен со спуштање по должината на раседи во земјината кора. Најголемата длабочина на Преспанското Езеро изнесува 54 м. Од фитоценолошки поглед најзначајно е присуството на ендемичната растителна заедница Lemneto-Spirodeletum polyrrhize aldrovandetozum. Од животинскиот свет особено значајна е фауната на рибите од кои 80% се ендемични.

Вкупната површина на спомениkот на природата Преспанско Езеро изнесува 17.788,61 ха. Научно-истражувачки објект со посебно биолошко и хидрогеолошко значење; важна туристичка знаменитост. Присутни се појави на експлоатација на песок; диви депонии; прекумерна употреба на агротехнички сретства за заштита на овошните насади во крајбрежјето; загадени води на Голема Река која се слива во Преспанското Езеро; недозволено ловење риба во перидот на мрестење; подземно инфилтрирање на загадувачки материи заради нефункционирање на пречистителната станица кај с. Езерани; нерационално користење на водите од езерото за наводнување. Треба да се преземат ригорозни мерки за заштита на езерото.

Според меѓународниот сојуз за заштита на природата и природните богатства (International Union for Conservation of Nature and Natural Resources - IUCN) има меѓународен и национален статус: III и режим на заштита: 2, 4, 5 и 7.

Заштитни категории према Меѓународниот сојуз за заштита на природата и природните богатства (International Union for Conservation of Nature and Natural Resources - IUCN):

Меѓународен статус: IUCN III - Споменици на природата

Овие категории обично содржат една или повеќе специфични природни обележја со извонредно национално значење, кои поради единственоста и реткоста, мораат да бидат заштитени. Овие специфични карактеристики за да бидат идеално заштитени треба да бидат ослободени од нарушувањата создадени со човечките активности или тие активности треба да бидат сведени на најмала можна мера, т.е. не треба да постои евиденција на такви активности. Големината не е значаен фактор, овие области треба само да бидат доволно големи за да го заштитат интегритетот на положбата. Иако оваа категорија може да има рекреативна и туристичка вредност, треба да биде управувана така, за да биде релативно ослободена од човековото вознемирување. Управувањето може да биде: приватно, заедничко управување, државно управување и управување од страна на локалните заедници.

Режими на заштита согласно валоризацијата дадена во Просторниот план на Република Македонија (2004 година) - Експертски елаборат за заштита на природното наследство:

РЗ 2: Режим на заштита за подрачја со значајни површински геоморфолошки карактеристики

Ограничувања:

Во подрачјата со значајни површински геоморфолошки карактеристики и во нивната непосредна близина не се дозволени активности кои ги загрозуваат нивните обележја и вредности, заради кои се заштитени како природно наследство:

- изведување на земјени работи (откопување и засипување на теренот);
- изградба на нови содржини (објекти за домување, инфраструктурни објекти и друго);
- стопанско искористување на природните богатства кои се предмет на заштита;
- поставување табли (рекламни или др.), знамиња или светлосни натписи;
- сокривање или нарушување на поважните видици на спомениkот со нови градби, огради, антени, жичани водови итн. на потесното подрачје на спомениkот;
- неорганизирано изведување на екскурзии и спортови (качување по карпести обелисци и др.).

По исклучок и по претходна согласност на субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје можно е:

- уредување на подрачјето за посетители (изградба на сообраќајна инфраструктура, одмаралишта, видиковци, поставување на инфо-табли и друго);
- отстранувањето на вегетацијата што го запираат видикот кон подрачјето (кастрење дрвја и грмушки во околина на подрачјето);
- земање на примероци од природните богатства за научно-истражувачки и воспитно-образовни цели.

Забелешка:

За спроведување на научно истражување во природата, на територијата на заштитено подрачје, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата издава дозвола, во соработка со субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје. Спроведувањето на научното истражување во природата на територијата на заштитено подрачје се врши по претходна најава до субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје.

РЗ 4: Режим на заштита за хидролошки значајни подрачја

Ограничувања:

Во хидролошки значајните подрачја и во нивната непосредна близина не се дозволени активности кои ги загрозуваат нивните обележја и вредности, заради кои се заштитени како природно наследство:

- загадување на водата (директно испуштање на канализациска, технолошка и атмосферска отпадна вода);
- искористување на хидроенергетскиот потенцијал на водата (изградба на брани, вештачки езера, хидроенергетски објекти и друго);
- менување на природната температура на водата (употреба на водата за ладење на енергетски или индустриски објекти);
- менување на составот на водата (промена на Пх, количеството на органски или неоргански материи);
- менување на водниот режим (времено или континуирано одземање или додавање вода);
- поголеми регулациски градежни работи (промена на насоката, обликот или длабочината на коритото, градење на прагови, утврдување на бреговите со зидани или бетонски насипи, градење на водени пречки итн.);
- изградба на нови содржини (објекти за домување, инфраструктурни објекти и друго);
- да се ограничи пристапот до водата доколку тоа не е од заштитни причини;
- фрлање на отпадоци во коритото, на брегот или во непосредната близина на водата;
- возење со моторни чамци (освен со електрични мотори).

По исклучок и по претходна согласност на субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје можно е:

- изградба на сообраќајна инфраструктура;
- менување на крајбрежната вегетација (проредување и сечење на дрвја и грумушки, засадување на бреговите итн.);
- внесување на животински или растителни видови во водата или на крајбрежјето;
- експлоатација на нанос, песок или калиште од крајбрежјето или од дното на коритото, изведба на помали регулациски, градежни работи (чистење на дното на определени делови итн.).

Забелешка:

Наведените ограничувања не важат за постојната состојба која можеби не е во склад со заштитениот режим, освен ако тоа не е во одделни примери наведено.
Дозволено е:

- возење со чамци и едрење;
- посетување и задржување (шетање, капење, сончање) околу водата доколку истото не е во спротивност со примарните цели за заштита;
- риболов (во согласност со прописите за рибарство);
- научно истражувачки активности на воденатa фауна и флора.

РЗ 5: Режим на заштита за ботаничко значајни подрачја
Ограничувања:
Во ботаничко значајните подрачја и во нивната непосредна близина не се дозволени активности кои ги загрозуваат нивните обележја и вредности, заради кои се заштитени како природно наследство:

- менување на растителниот состав на подрачјето (отстранување или менување на вегетацијата);
- менување на водниот режим (времено или континуирано одземање или додавање вода);
- менување на составот на водата (промена на Пх, количеството на органски или неоргански материи);
- отстранување на земјата или каменитата подлога на водотеците, засипување, фрлање на отпаден материјал итн., менување на киселоста или алкалноста на почвата;
- ископување, берење, оштетуваат или кршење на растенијата, или уништување на вегетациските формации кои се предмет на заштита (наведени во описот на заштитеното подрачје);
- собирање на семиња и плодови на растенијата кои се предмет на заштита;
- други активности на постојниот локалитет кои имаат штетно влијание врз растенијата или вегетациските формации, кои се предмет на заштита (наведени во описот на заштитеното подрачје);
- изведување на мелиорациски или регулациски активности кои ќе имаат негативно влијание на потесното подрачје;
- загадување на површински или подземни води;
- загадување на воздухот со прашина и загадувачки супстанции.

По исклучок и по претходна согласност на субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје можно е:

- земање на примероци од природните богатства (растенија, нивните семиња или плодови) за научно-истражувачки и воспитно образовни цели.

Забелешка:
За спроведување на научно истражување во природата, на територијата на заштитено подрачје, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата издава дозвола, во соработка со субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје.

Спроведувањето на научното истражување во природата на територијата на заштитено подрачје се врши по претходна најава до субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје.

Дозволено е:

- стопанско искористување на природните богатства, доколку истото не е во спротивност со примарните цели за заштита (косење, пасење, обработка на земја, шумско искористување итн.);
- лов, доколку не е во спротивност со примарните цели за заштита;
- риболов, доколку не е во спротивност со примарните цели за заштита;
- посета на локалитетот и фотографирање на растенијата, доколку истото не е во спротивност со примарните цели за заштита.

РЗ 7: Режим на заштита за зоолошки значајни подрачја

Ограничувања:

Во зоолошки значајните подрачја и во нивната непосредна близина не се дозволени активности кои ги загрозуваат нивните обележја и вредности, заради кои се заштитени како природно наследство:

- изведување на активности кои ќе предизвикаат промени во животните услови на потесното подрачје (отстранување на вегетација или промени во вегетациската структура, изведување на земјени работи, отстранување на каменести или земјени подлоги, промени на нивото на површинските и подземните води, фрлање на отпад и друго); собирање, ловење на животни (возрасни примероци или нивните развојни форми);
- оштетување или уништување на гнезда или места каде што животните се размножуваат или здружуваат;
- изведување на активности кои предизвикуваат бучава и вибрации;
- вештачко осветлување на животните, нивните гнезда, живеалишта, засолништа и места каде што се хранат или размножуваат;
- други штетни влијанија на животните кои се предмет на заштита (наведени во описот на заштитеното подрачје);
- изведување на мелиорациски или регулациски активности кои ќе имаат негативно влијание на потесното подрачје;
- загадување на површинските и подземните води;
- загадување на воздухот со прашина и загадувачки супстанции.

По исклучок и по претходна согласност на субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје можно е:

- земање на примероци од природните богатства за научно-истражувачки и воспитно образовни цели;
- набљудување, фотографирање или снимање на животните.

Забелешка:

За спроведување на научно истражување во природата, на територијата на заштитено подрачје, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата издава дозвола, во соработка со субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје. Спроведувањето на научното истражување во природата на територијата на

заштитено подрачје се врши по претходна најава до субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје.
Дозволено е:

- стопанско искористување на природните богатства на подрачјето, доколку истото не е во спротивност со примарните цели за заштита (косење, пасење, обработка на земја, шумско искористување итн.);
- лов, доколку не се однесува на видовите кои се предмет на заштита и доколку истото не е во спротивност со примарните цели за заштита;
- риболов, доколку не се однесува на видовите кои се предмет на заштита и доколку истото не е во спротивност со примарните цели за заштита.

Согласно Законот за прогласување на Преспанското Езеро за споменик на природата („Сл. Весник на РМ" бр. 51/11 и 79/13) е утврден следниот режим на заштита:

- Се забранува внесување на алохотни (туѓи) растителни и животински видови во Езерото,
- Се забранува внесување на штетни материи во Езерото кои би можеле да предизвикаат хемиски, физички, биолошки, микробиолошки и други промени на водата и живиот свет,
- Се забранува испуштање на нафта и отпадни масла од пловните објекти,
- Се забранува внесување на неперчистени отпадни води од населените места и индустриските капацитети,
- Се забранува сечење на стебла, трска и палење оган во крајбрежниот појас на Езерото,
- Се забранува деградирање и уништување на природните живеалишта, особено на местата каде што животните се размножуваат или престојуваат во границите на споменикот на природата,
- Се забранува поставување на капацитети за одгледување на риби за комерцијални цели во крајбрежниот појас ив о водите на Езерото,
- Се забранува отворање на позајмишта за црпење на песо ки поставување на објекти и инсталации во крајбрежниот појас на Езерото, кои можат да го нарушат природниот амбиент или да имаат негативни влијанија врз развојот на природните процеси во Езерото,
- Се забрануваат антропогени зафати во литоралниот појас на Езерото како што се тампонирање со крупен или ситен тампон и насипување на песок,
- Се забранува преземање на активности со кои се прекинува природната комуникација меѓу Езерото и крајбрежниот појас (изградба на бетонски и камени sидови и слично) и
- Се забранува изградба на објекти од траен карактер во крајбрежниот појас во широчина од 50 метри од котата на највисокиот утврден водостој на Езерото.

Во непосредна близина на проектниот опфат се наоѓа Преспанско Езеро. Од аспект на водите, согласно Закон за води („Сл. Весник на РМ" бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16) и („Сл. Весник на РСМ" бр. 151/21 и 3/25) треба да бидат исполнети следните критериуми:

- Заради заштита и одржување на природните и уредените речни корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите, забрането е, освен со дозвола или согласност издадена врз основа на закон, изградба на постројки и објекти во крајбрежните земјишта. Крајбрежен појас на водотек вон населени места, во смисла на овој закон, е појасот во ширина од 50 метри зад ножицата на насипот кај регулираните водотеци, односно зад линијата на допирањето на педесетгодишната вода кај нерегулираните водотеци, додека крајбрежен појас на езеро и акумулации, во смисла на овој закон, е појасот во ширина од 50 метри од линијата на највисокиот утврден водостој.
- Заради заштита и спречување на оштетување на водостопански објекти и постројки, се забранува да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се оштетуваат објектите и постојките.
- Изведувањето на објекти и постројки да се врши во согласност со прифатени современи техники и стандарди, прилагодени на научно-техничкиот развој на начин кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите и врз корисниците.
- Да се превземат сите неопходни технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанции.
- Потребно е да се предвиди механички и биолошки третман на отпадните води од населени места и стопански комплекси, согласно Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води и Уредбата за класификација на водите („Сл. Весник на РМ" бр. 18/99).

Проектниот опфат во мал дел влегува во зоната на одржливо користење на НП Галичица и истиот не е во рамки на предвидени акумулации, согласно Водостопанската основа на РМ.

Опис на предел

Предел е топографски дефинирана територија што се состои од карактеристичен мозаик од меѓусебно зависни типови екосистеми коишто би можеле да бидат или биле предмет на специфични човекови активности. Пределот главно се дефинира како парче земјиште што може да се опфати со еден поглед. Тоа е хетерогено и динамично ниво на организација на еколошките системи. Нивото на развој на пределот е под влијание на природни и/или антропогени фактори или комбинација од двата.



Предески тип околу планското подрачје

Еден пределски тип може да поседува целосно природни карактеристики или пак да биде целосно изменет од човекот и да не опфаќа ниту еден природен екосистем. Затоа токму пределот е ниво на еколошка организација што ги вклучува луѓето и нивните активности во еколошките системи. Преку пределот се проучува функционирањето на односите човек - природа и се дефинираат причините за моменталниот изглед и распоред на екосистемите во просторот.

Според Националната стратегија за заштита на природата, локацијата каде се наоѓа проектната локација припаѓа на Супконтиненталниот езерски предел (Преспански предел). Овој предел е сместен во југозападниот дел на Македонија, а го опфаќа просторот на езерото и рамничарскиот дел на север од езерото.

Климата е континентална со слабо изразено влијание на медитеранската клима. Алувијалните и пролувијалните седименти и наноси доминираат во геолошкиот состав, а на места се среќаваат барски и езерски седименти.

Структурата на пределот ја определува класата водни тела речиси со 61%, како и класите на земјоделско земјиште, кое учествува со над 31% во вкупната површина на пределот. За Преспа се карактеристични јаболковите овоштарници, кои, како CORINE-класи на покровност се јавуваат со мал процент поради фактот што тие обучно се помали парцели и се влезени во класата Іхетерогено земјоделство". Присуството на класата влажни станишта е значително (речиси 4%), што е карактеристика на Преспа (блатата под селата Езерани и Долно Перово, Штрбовксото Блато, Кранското Блато, Стењското Блато и други).

Пределот има исклучително значење за биолошката разновидност. Преспанскиот предел поседува извонредни биолошки вредности, слично на Охридскиот предел.

Преспанското Езеро се смета за „сестринско" на Охридското Езеро поради географската близина, заедничката историја, подземната хидролошка врска и сличната биолошка разновидност. Сепак, постојат и определени разлики, кои укажуваат на тоа дека фауната на полжавите е поблиска до други езера од егејската група отколку до Охридското Езеро (Albrecht et al. 2012). Биолошката разновидност на Преспанското Езеро изразена во број на видови е следната: Mollusca - 36 (Gastropoda - 27, Bivalvia - 9), Porifera - 3, Platyhelminthes ~ 50, Rotifera ~ 60, Annelida - 35, Crustacea ~ 90, Insecta - над 100 видови. Според МОЕПП (2003) во Преспанското Езеро живеат 18 ендемични видови животни.

Според Талевски et al. (2009) во Преспанското Езеро живеат 11 автохтони и 12 интродуцирани видови риби од кои 9 (82%) се ендемични: Alburnsus prespensis, A. belvica, Barbus prespensis, Chondrostoma prespense, Cobitis meridionalis, Pelasgus prespensis, Rutilus prespensis, Salmo peristericus и Squalius prespensis.

Особено е значајна фауната на птиците, која брои над 100 видови, од кои повеќе се значајни за заштита: Pelecanus crispus, Pelecanus onocrotalus, Mergus merganser, Ixobrychus minutus, Podiceps cristatus, Podiceps nigricollis, Phalacrocorax pygmeus, Phalacrocorax carbo sinensis, итн. (Велевски et al. 2010).

Големо значење за биолошката разновидност имаат околните влажни хабитати (Стењско и Штрбовско Блато, Езерани итн.). Останатиот дел од предел се одликува со постоење на земјоделски површини (овоштарници и ниви), кои имаат ниска биолошка разновидност.

Како и во случајот со Охридското Езеро, постојат повеќе подрачја за заштита на биолошката разновидност: Споменик на природата Преспанско Езеро, Биосферен резерват „Охрид-Преспа", Значајно подрачје за птици „Преспанско Езеро" и Значајно подрачје за растенија „Преспанско Езеро", Парк на природата „Езерани", Трилатералната иницијатива за воспоставување на парк „Преспа".

Пределот поседува исклучителни визуелни вредности.

4.2 Опис на сегашната состојба со животната средина во планскиот опфат

Основен предуслов за идентификација на проблемите со животната средина и поставување на стратешки цели за надминување и унапредување на истите е идентификацијата и оцената на сегашната состојба со медиуми на животната средина (воздух, вода, отпад, почва, биодиверзитет, бучава), како и со користењето на земјиштето и природните ресурси во општината.

Со оглед на тоа што во планираниот простор до сега не се вршени мерења, следења и истражувања на основните витални компоненти воздухот, водата, тлото, бучавата и тврдиот отпадок, пореметувањата во екосистемот во целост не можат да се откријат, а оценката за состојбите произлегува исклучиво од дејствувањето на човекот и неговите активности во овој простор.

Воздух

Главен извор на загадување е индустријата која во екосистемот емитира, гасови, пареи, чад магла, прашина и ареосоли. Загадувањето на воздухот најповеќе е резултат на преработка на сулфидни концентрации на обоени метали, како и на согорување на кокс и други карбофилни горива во индустријата и домаќинствата.

На загадувањата на воздухот многу влијае топографијата на теренот, висината на индустриските оџаци и атмосферските услови. Најкритично загадување е во услови на отсуство на хоризонтално и вертикално струење на воздухот, особено кога е истото проследено со температурни инверзии.

Најрационален и ефикасен начин за заштита на животната средина од штетните влијанија врз воздухот е превентивното делување и спречување на продукција на штетни емисии во самите извори на нивно создавање. Квалитетот на воздухот најмногу го нарушува присуството на гасови, прашини и други штетни материи кои негативно влијаат врз здравјето на луѓето, екосистемите и природните создадени вредности.

Значајни мерки кои придонесуваат за надминување на проблемот со загадување на воздухот се:

- изградба на широки улици кои овозможуваат брзо проветрување;
- зголемување на површините со зелени насади и дрвореди;
- подобрување на коефициентот помеѓу изградените и слободните површини;
- подигање зелени појаси околу индустриските зони, производните капацитети, резервоарите за вода и др.

Во однос на загадувањето на воздухот треба да се истакне и начинот на затоплување на домаќинствата, деловните објекти и институциите во Ресен. Имено, затоплувањето на станбениот фонд (индивидуален и колективен) се врши на: дрва, јаглен, електрична енергија и други горива. Овие видови на затоплување од еколошки аспект се неоправдани, заради тоа локалната самоуправа во наредниот период треба да размислува во насока на превземање активности за воведување централен систем на затоплување во Градот, со цел елиминирање на последиците што произлегуваат од постојните начини на затоплување во однос на загадување на воздухот и заштеда на енергетски горива.

Вода

Водата се носи до населените места со ПВЦ цевки со Ф315 мм. Главниот цевовод е долг 11 км, а секундарните доводи се 15 км. Водоводната градска мрежа е стара. Во поголемиот дел од неа се вградени цевки од азбестен материјал. Имајќи во предвид дека дозволената граница за користење на цевките е околу 20 години и можноста за нивното оштетување, нивното понатамошно користење ја зголемува веројатноста за предизвикување на штетни последици по здравјето на населението.

Од регионалниот водовод се снабдуваат градот Ресен и околу 20 селски населби. Водоснабдувањето се врши преку зафаќање на двата извори на Голема Река и два бунари на с. Царев Двор. Големиот извор се наоѓа на кота околу 100 мнв, малиот извор се наоѓа на кота 985 мнв. Со водоводот стопанисува ЈКП Пролетер од Ресен за што се грижи за квалитетот и пречистувањето на водата.

Подрачјето на Преспанско Езеро на територија на РСМ спаѓа во IV категорија на разорност со коефициент на ерозија 2=0,33. Со I, II и III категорија на разорност зафатена е површина од 175,6 км^2, што е 30,75% од копнената површина, а со IV и V категорија зафатена е површина од 395,4 км^2, односно 69,25%. Продукцијата на ерозивни наноси изнесува 260.352 м^3/год, а количина што се внесува во Езерото изнесува 163.536 м^3/год.

Поројни реки во Општина Ресен се Брајчинска, Кранска, Манастирска, Курбинска, Грнчарска и Мелничка кои извираат од планината Баба. Од падините на планината Бигла дотекуваат реките Крива Река (Голема Река) и Сопотска, потоа Болнска, Источка и Стипонска кои во горниот слив се поројни, а во делниот имаат карактеристики на равничарски реки.

За регулирање на протеците превземени се соодветни мерки од поодамна, најголем дел со земјени работи или друг порозен материјал и регулацијата е уништена. На некои места направени се помали зафати од месното население со што би ги ублажиле негативните последици од водата.

Како реки кои се директни загадувачи на Преспанското Езеро бидејќи носат големи количини на нанос се издвојуваат: Брајчинска, Кранска и кај селото Сливница реките Манастирска и Сучка. Наносот што го носат реките, Езерото го исфрла на крајбрежјето, па се јавува потреба и од превземање на соодветни активности за санација на крајбрежниот појас. Дел од потребните мерки се превземени, но тие се недоволни за решавање на проблемот.

Во идниот развој за заштита на просторот од поплави и големи води активностите треба да се насочат кон:

-Превземање на шумско мелиоративни активности во целиот слив на водотекот;

-Уредување и оплеменување на деградираните речни корита;

-Одржување и унапредување на крајбрежната вегетација;

-Забрана на депонирање на отпаден материјал во речното корито.

Отпад

Човекот со својата активност продуцира големи количини на цврст отпад. Со процесот на индустријализацијата, урбанизацијата и зголемување на стандардот на живеење, овие количини покажуваат тренд на пораст. Комуналниот и технолошкиот-неопасен отпад е во корелација со развојот на Општината. Поголем дел од комуналниот отпад се создава од човекот и терцијарните дејности (трговија, угостителство и туризам), а технолошкиот-неопасен отпад се продуцира од производните дејности. За општина Ресен со оглед на стопанската структура, значајно влијание врз количината на цврстиот отпад покрај индустријата имаат земјоделието и сточарството.

Соодветни системи за собирање, депонирање и третирање на комуналниот отпад не постојат во регионот. Според статистиките во Националниот парк Преспа се ослободува околу 4,2 тони отпад на 24 часа. Исто така, експанзијата на користењето на моторните возила како и нивното зголемено движење допринесуваат за загадување на животната средина и го зголемуваат нивото на бучавата.

За да се подобри состојбата со отпадот во регионот неопходно е организирано раководење со сите видови отпад што се произведува. Исто така, еден од приоритетите е изградба на санитарна депонија, како и регионална депонија.

Растителен и животински свет

Квалитетот на почвите претставува основен предуслов за остварување на одржливиот развој. Современите процеси на урбанизација и особено користењето на земјиштето за стопански цели најдиректно влијае врз интензитетот на користење на земјиштето и промената на неговиот квалитет. Постојат многу причинители кои предизвикуваат оштетување и загрозување на земјиштето: загадените отпадни води, исталожените честици од воздухот (тешки метали и сл.), ерозијата, нерационалното користење на хемиски средства во земјоделството, сообраќајниците, депониите, урбаните и руралните населби, добиточните фарми со несоодветна изградба на помошни објекти, викенд населбите, инфраструктурните системи и др.

Од фитогеографски аспект флората може да се класифицира како Балканска субзона или Субмедитеранска вегетативна зона. Површините со водена вегетација имаат посебна важност од аспект на нивно зачувување. Флората во регионот е присутна со многу различни видови. Пределите од обалите на двете езера до граничната линија со планското подрачје се богати со шумски формации (ниска шумска вегетација, дабови шуми и мешани дабови и борови шуми) и алпски ливади.

Во границата на планскиот опфат, која е ограничена со границата на поранешен објект кој веќе не е во функција се среќаваат, Антропогени хортикултурно уредени растенија со појаси од дрвја и дрворедии: Антропогените хортикултурно уредени растенија со појаси од дрвја и дрвореди не претставуваат специфична растителна заедница или посебен хабитат. Дрворедите по рабовите на парцелите имаат значење бидејќи служат како коридори за распространување на многу видови. Дрвенестите и грмушестите видови кои се остатоци во овој биотоп имаат природно и антропогено потекло. Некои видови дрвја се остатоци од природната вегетација, а други видови се интродуцирани од човекот. Растителните видови се претставени со елементи од соседните рудерални или земјоделски заедници.

Во околината на планскиот опфат кон северната страна, односно кон падините на Галичица, од другата страна на регионалниот пат се среќава заедницата:

Querco trojanae-Juniperetum excelsae Matevski et al. 2010: Состоините на оваа заедница се среќаваат на добро изложени на сонце и топли живеалишта, со плитки почви развиени врз варовничка подлога. Екстремните услови на стаништето му овозможуваат на *Juniperus excelsa* да ги потисне *Quercus trojana* и другите видови даб што доминираат во дабовите шуми во околината (Матевски et al. 2010). Овие состоини се најекстремни во регионот во поглед на топлинските услови, при што листопадните видови дрвја се потиснати од четинарите. Дијагностички видови во оваа заедница се: Juniperus excelsa, Quercus trojana, Juniperus oxycedrus, Lonicera etrusca, Rhamnus rhodopeus; Anthyllis vulneraria ssp. polyphylla, Arabis pseudoturritis, Arenaria leptoclados var. viscidula, Cerastium brachypetalum, Crucianella angustifolia, Crupina vulgaris, Eryngium campestre, Medicago minima, Medicago rigidula, Poa bulbosa, Potentilla laciniosa, Carex halleriana, Scabiosa fumarioides, Trifolium campestre, Trifolium scabrum.

На спротивната страна, односно јужно од планскиот опфат кон Преспанското Езеро среќава следната заедница: Медитерански влажни тревни површини со високи тревести растенија Molinio-Holoschoenion. Мезо-хигрофилни тревни површини покрај речни поплавени рамници, или други станишта со високи води во јужниот дел на Балканскиот Полуостров, во региони на Бугарија, РСМ и Северна Грција, формирани од Alopecurus pratensis, Alopecurus rendlei (Alopecurus utriculatus), Festuca pratensis (Festuca elatior) ili Poa trivialis ssp. sylvicola (Poa sylvicola), and by numerous Trifolium spp., Medicago hispida ssp. apiculata, Lotus corniculatus var. hirsutus, Hordeum murinum, Ranunculus marginatus, Ranunculus velutinus, Cirsium canum var. macedonicum, Oenanthe stenoloba, Moenchia mantica, Lychnis flos-cuculi ssp. subintegra, Teucrium scordioides, Podospermum canum, Narcissus poeticus, Leucojum aestivum. Овој вид живеалиште може да се користи за земјоделски култури за време на сушните години.

Од животинскиот свет во и околу планскиот опфат се среќаваат следните видови на животни: Еврпската лисна жаба - Hyla arborea, Ридската желка - Testudo hermanni, Горска жаба - Rana dalmatina, Скалеста гуштерица - Podarcis muralis, Македонска гуштерица - Podarcis erhardii, Полска гуштерица - Podarcis tauricus, Рибарка - Natrix tesseleata, Жолт смок - Dolichophis caspicus, Голем зелен гуштер - Lacerta trilineata, Зелен гуштер - Lacerta viridis, Европска барска желка - Emys orbicularis, Македонски тритон - Triturus macedonicus, Кадрав пеликан - Pelecanus crispus, Обичен пеликан - Pelecanus onocrotalus, Голем северен нуркач - Mergus merganser, Мал воден бик - Ixobrychus minutus, Голем нуркач - Podiceps cristatus, Големо штипче - Podiceps nigricollis, Корморан - Phalacrocorax carbo, Мал корморан - Microcarbo pygmaeus, Мала бела чапја - Egretta garzetta, Голема бела чапја - Ardea alba, Гривеста чапја - Ardeola ralloides, Долгонога сабјарка - Himantopus Himantopus, Рибарче - Alcedo atthis, Lanius collurio – Сивосврache, Lullula arborea – Шумска чучулига, Видра - Lutra lutra.



Локација на планскиот опфат со граници на НП Галичица (црвена линија) и граници на СП Преспанско Езеро (жолта линија)

Емералд мрежа


Емералд мрежата претставува мрежа на подрачја од посебен интерес за зачувување, назначени со цел зачувување на мрежата на природни живеалишта и се протега на територијата на земјите членки на Бернска конвенција. Активностите за развој на националната Емералд мрежа во РСМ започнаа уште во 2002 година, а целосната идентификација заврши во 2008 година. Емералд мрежата претставува значајна подготвителна алатка за земјите кои се во процес на приближување кон ЕУ при спроведувањето на обврските од Директивите за птици и живеалишта и воспоставување на мрежата Натура 2000, но исто така и го помага воспоставувањето на националниот систем на заштитени подрачја. Проектниот опфат со свите јужни делови навлегува во номинираното Емералд подрачје Преспанско Езеро.



Плански опфат и граница на Емералд подрачје Преспанско Езеро (црвена линија)

Прекуграничен Биосферен резерват Охрид - Преспа и Прекуграничен договор Преспа Парк (помеѓу три соседни држави)

Охридско-преспанскиот регион беше прогласен за прекуграничен биосферен резерват во октомври 2014 година во Корча, Албанија. Сертификатот за прогласување на прекуграничниот биосферен резерват Охрид-Преспа беше предаден од претставници на УНЕСКО.



Прекуграничен Биосферен резерват Охрид - Преспа

Овој прекуграничен резерват се наоѓа помеѓу Република Албанија и РСМ. Областа е комбинација од водни површини, обиколени со планински релјефи, додека рамните области се граничат со надворешните граници на територииите што се протегаат низ двете земји.

Еколошки карактеристики: Охридско - Преспанскиот прекуграничен биосферен резерват вклучува значајни разлики во смисла на еколошки системи, почнувајќи од планинските области околу трите езера, до умерено суп-тропските шуми, пронајдени на пониски места околу водотеците. Заедно, системот на Охридското и Преспанското Езеро е еден од најголемите во Европа од ваков вид. Двете езера се од посебна вредност на национално и меѓународно ниво поради нивната геолошка и биолошка посебност. Охридското Езеро е познато по повеќе од двесте ендемични видови, од групи како што се дијатомеи, олигохети, пијавици, порфери, трикладид, мекотели, остракоди и риби. Пет од ендемичните видови се ограничени, дури и во рамките на езерото на микро-екосистеми. Десет од 17-те видови на риби ендемични, вклучувајќи ги Охридската Пастрмка (Salmo letnica) и белвицата (acantolingua ohridana).

Постои, исто така, уникатна и ендемична шумска заедница ass. Pinetum peuces, пеонски шуми со грчка фоја, шуми од Хелено - моезиски quercus frainetto и југо - западни елово - букови шуми. Преспанскиот регион е домаќин на оригиналните биотопи од витално значење за зачувување, како што се големите листопадни шуми од Ostryo-Carpinion orientalis, предели со зимзелени грмушки, зимзелени шуми, кои се состојат од 12 м високи Juniperus foetidissima и Juniperous excelsa и важните ендемични растителни видови во Езерани.

Цицачите претставуваат втора најважна група на видови, чија заштита е од суштинско значење за прекуграничниот биосферен резерват, а ги вклучуваат Talpa stankovici (Балкански крт), Lynx lynx martinoi (Балкански рис), Canis lupus (сив волк), Ursus arctos (кафеава мечка) и др. Балканскиот рис е исклучително редок вид со многу висока симболична вредност. Што се однесува до видовите на птици, Далматинскиот пеликан (Pelecanus crispus) е водечки вид. Во Преспанскиот регион има над 260 видови птици, што претставува повеќе од половина од видовите птици во Европа, од кои 140 се гнездат во оваа област.

Социо - економски карактеристики: Проценетата бројност на популација во целиот прекуграничен биосферен резерват е 455.000 жители, кои населуваат област со културни, етнички и верски разлики. Населените места се само во транзиционите области и тие згрижуваат заедници кои се релативно стабилни од демографска гледна точка, но некои од нив (особено Охрид и Струга на брегот на Охридското Езеро од Македонска страна и Поградец на Албанска страна) значително се зголемуваат во текот на туристичките сезони.

Во Албанија, земјоделството се уште претставува главна економска активност за локалното население и е присутна и во транзиционите зони и во некои делови од тампон (бафер) зоните. Од неодамна, прехранбената индустрија е во значителен пораст (особено во Корча), паралелно со традиционалните земјоделски активности, што резултира со изградба на нови населби за оваа специфична индустрија.

Земјоделскиот сектор претставува најважен развојен сектор во целиот прекуграничен биосферен резерват. Во многу области, традиционалните земјоделски практики базирани на семејни фарми се заменети со

поинтензивни системи за одгледување (на пример, одгледување на овошје во околината на Ресен, во РСМ и интензивно земјоделство во Корча, во Албанија). Шумските активности се исто така релевантни во планинските области. Сточарството е уште една важна земјоделска активност во Охрид-Преспа, при што локалните сточари (и во Албанија и во РСМ), очекуваат да ја подобрат структурата на видовите, условите за размножување и да ги спроведат потребните технички зоолошки мерки за сите видови добиток со цел зголемување на сточарското производство.

Туризмот претставува клучен развојен сектор за целиот прекугранично биосферен резерват, при што во градот Охрид скоро секој жител е домаќин на околу 6 пати повеќе туристи за време на сезоната. Градот има намера да поттикне создавање пакети за еко-туризам како средство за намалување на трошењето на природните ресурси од туристите.

Риболовот е уште една клучна активност со релевантни еколошки и економски влијанија врз рамките на биосферниот резерват. Други приходи доаѓаат од собирање шишарки за декоративни цели, продажба на лековити растенија од алпските пасишта на меѓународни пазари и продажба на шумски плодови, како што се печурки и бобинки.

Проектниот опфат се наоѓа во преодната зона на Прекугранично биосферен резерват.

Значаен орнитолошки локалитет Преспанско Езеро

Овој ЗОЛ зафаќа површина од 19,842 ха, а се протега на надморска височина од 850-970 м. Локалитетот го опфаќа македонскиот дел на Преспанското Езеро (Голема Преспа) во југозападна Македонија, карпите долж неговиот брег и мочуриштата во близина на селата Стење и Наколец, како и влажните ливади, трски и рибници меѓу селата Сирхан и Асамати. Се граничи со локалитетите Езеро Мегали Преспа (AL003) во Албанија и Езеро Микри Преспа и езеро Мегали Преспа (GR047) во Грција (Heath and Evans 2000).

Крајбрежјето на Преспанското Езеро е полигенетско; источниот брег (падините на планината Пелистер) има потамогени карактеристики како резултат на неколкуте речни притоки од планината (Брајчинска Река, Кранска Река итн.). Северниот брег во основа има лимногени карактеристики, а долж самата линија на брегот потеклото е фитогено (поради мочуришната вегетација). На западниот брег, крајбрежната линија има абразивен карактер, со изразени карпи, што се должи на геолошкиот состав претставен со тријаски варовник. Најзначајна река е Голема Река на север. Максималната длабочина на езерото достигнува 54 метри.

Птичјата фауна на Преспанското Езеро е меѓу најдобро проучените во земјата. Вкупно се регистрирани 216 видови во Преспанскиот регион или 66% во РСМ и 42% во ЕУ. Достапни се податоци од зимските пописи за периодите/годините 1987-1990, 1997-2002, 2004-2006 и 2009-2011 година.

Најбројна била лиската (1.000-20.700 единки), по што следуваат Цуцулестата патка (меѓу само 12 единки во 2002 г. и 9.000-12.500 единки во 1988-1989 г.), Големо штипче (до 5.800 во 2004 г., со последователен пад на

бројноста, освен во 2009 г. со 3.900 единки), Црвеноглав кожувар (12.500 единки во 1988 г., 9.000 единки во 1989 г., но само 15 единки во 2004 г.) и Патка берија (до 2.500 единки). Вкупниот број на водни птици што презимуваат ја надмина бројката од 20.000 единки само во 2009 година, кога беа избројани 31.500 водни птици. На островот Голем Град се наоѓа најголемата колонија на корморани во земјата (2.500-3.000 пара) и единствената колонија (околу 50 пара) на жолтоногиот галеб во Македонија. По должината на брегoвите на езерото се гнездат 30-50 пара Голем северен нуркач (Mergus merganser), а дел од нив таму и презимуваат. На површината на езерото истовремено можат да се видат до 300 единки на кадроглав пеликан и до 100 единки на обичен пеликан. Двете видови пеликани се размножуваат на езерото Мала Преспа во Грција, при што во 2010 година биле регистрирани околу 1.169 парови на кадравоглав пеликан и 332 парови на обичен пеликан. Тие го посетуваат Преспанското Езеро за исхрана (кога често можат да се видат како ги следат рибарските чамци) и за одмор, особено долж крајбрежјето меѓу селата Коњско и Стење.



Плански опфат и граница на ЗОЛ Преспанско Езеро

Врз основа на овие бројки, се проценува дека бројот на птици што не се гнездат, а се присутни во македонскиот дел на Преспанското Езеро, изнесува од 300 до 1.000 единки кај кадроглавиот пеликан и од 150 до 500 единки кај обичниот пеликан. Бројноста на црниот кожувар во била проценета на само 3-4 пара што се гнезделе во тогаш сувиот рибник кај селото Асамати. Веројатната популација на размножување на Сивата патка е проценета на најмногу 10 пара. Се проценува дека на Преспанското Езеро се гнездат околу 20-50 парови на голема бела чапја, иако е можно целата колонија за размножување да се наоѓа во Грција, сепак, видот го користи и македонскиот дел од езерото за барање храна.

Површината на езерото го зафаќа поголемиот дел од локалитетот, но долж северниот брег (меѓу селата Сирхан и Асамати) и долж источниот брег (во близина на Стење и кај Наколец) се среќаваат пространи појаси од трска. Можат да се забележат и остатоци од крајбрежни шуми. Околу селото Перово се простираат влажни ливади и површини обраснати со острици

(Carex). Карпести предели се среќаваат на островот Голем Град и меѓу селата Стење и Коњско, обраснати со стари шуми од Juniperus excelsa.

ЗРП Галичица

ЗРП Галичица се простира во крајнит југо-западен дел на Македонија. Административно припаѓа на територијата на општина Охрид и Ресен. Се протега на надморска височина од околу 1300 - 2250 м. Целата територија на предложеноро ЗРП се наоѓа во рамките на Националниот парк Галичица.

Зафаќа површини со субалпски и алпски (планински и високопланински) пасишта, букови и буково - елови шуми и во помал обем мезофилни дабови и термофилни дабови. Од флористички аспект се значајни и биотопите на варовнички карпи, камењари и точила. Од биогеографски аспект е најзначајно тоа што од двете страни билото на Галичица (источна и западна) се чувствува изразито медитеранско влијание што условува развој на голем број на медитерански и оромедитерански видови.

ЗРП Галичица вклучува 27 видови од критериумот А, и тоа 2 од А (ii), 4 од А(iii) и 21 од А (vi). Особено значајни живеалишта во европски контекст, споре ЕУНИЗ класификацијата се: Е1.21 (С2), Е1.33 (С1), Е4.41 (С2), Е4.43 (С2), F3.12 (С2), F3.16 (С2), G1.111 (С1), G1.78 (С2), G1.69 (С2), G1.7C1 (С2), G1.7C2 (С2), G3.93 (С1), G3.94 (С1), G3.17 (С2), H2.68 (С2), H3.2A (С2) и G1.8 (С2).

Поголемиот дел од земјиштето во ЗРП Галичица е државно. Главен тип на намена на земјиштето е зачувување на природата, додека сточарството и шумарството заедно со собирање диворастечки растенија се во помал обем застапени.

ЗРП Преспанско Езеро

Подрачјето Преспанско Езеро се простира во југозападниот дел на Македонија. Административно припаѓа на територијата на општина Ресен, а се протега на надморска височина од 850 м.

Зафаќа површини главно со блатна и мочуришна вегетација. Литоралните појаси со трска се исто така значајни живеалишта. Најзначајни локалитети во рамките на ова ЗРП се северниот брег на езерото на потегот од селото Асамати до Сирхан, потоа Стењско Блато, појасите со трска од селото Стење до Царина и сл.

ЗРП Преспанско Езеро вклучува 3 вида од критериумот А, сите се А (ii) видови. Особено значајни живеалишта во европски контекст според EUNIZ класификацијата се: C1.25 (С2), C1.225 (С2), C1.221 (С2), C1.224 (С2), D2.28 (С2) и D4.1B (С2).

Сопственоста на земјиштето е мешана, а главно се користи за риболов и во помала мера за сточарство, земјоделство, шумарство, зачувување на природата и туризам.



Плански опфат на граница помеѓу ЗРП Галичица и
ЗРП Преспанско Езеро

Бучава

Проблемот на бучава на подрачјето на Општина Ресен досега не е анализиран и истражуван. Во Ресенскиот регион изворите на создавање на бучава не се од таков вид да овој проблем во животната средина претставува значителна закана за здравјето на луѓето.

Бучавата произлегува од урбаните активности и тоа:

- Сообраќај;
- Производни и деловни процеси;
- Бучава од ентериерно потекло (стамбени згради, трговско деловни центри и сл).

4.3. Сегашни проблеми со животната средина во и околу планскиот опфат

Проблемите со животната средина во Општина Ресен и предметниот опфат, беа идентификувани преку анализа на постоечката состојба со животната средина за Општина Ресен.

Најосетливи елементи на животната средина во предметниот опфат (Елементи на СОЖС)					
Води	Воздух	Отпад	Климатски фактори	Население	Материјални добра

Проблемите со генерирање на отпадот се разгледуваат како влијание врз површинските и подземните води, влијание на загадувањето на почвите и индиректно како влијание врз квалитетот на воздухот и почвите и индиректно како влијание врз квалитетот на воздухот.

Врз основа на евидентирање на најосетливите елементи на животната средина во планскиот опфат кои се нарекуваат и елементи на Стратегиска оцена на животната средина (Елементи на СОЖС) се воспоставуваат цели на стратегиска оцена на животна средина (Цели на СОЖС) и се дефинирани можни индикатори за секоја цел.

Во процесот на Стратегиска оцена на влијание на планскиот документ врз животната средина важно е да се види како, на кој начин, со која јачина и интензитет целите на планскиот документ влијаат врз целите на СОЖС со цел да се предвидат мерки за спречување на влијанијата и да се предложи соодветен план за мониторинг на индикаторите за секоја цел на СОЖС.

На следната табела се прикажани сегашните проблеми со елементите на животната средина:

Елементи на Стратегиската оцена на животна средина	**Проблем**	**Релевантно опфтен проблем**
Воздух	Нарушен квалитет на воздухот од постоење на индустриски објекти со интензивна емисија на загадувачки материи, употреба на јаглен и нафта како агенс за затоплување, зголемен сообраќај	x
	Немање мониторинг станица за мерење на квалитетот на амбиентниот воздух	x
Вода	Недоволно планирање на промените во намената на земјиштето	x
Отпад	Постоење на диви депонии	x
	Градежниот шут не се третира	x
Почва	Нарушен квалитет на почвата како резултат за исталожување на аероседименти	x
	Деградација на почвите	x
Предел	Деградирани предели	x
	Недоволна застапеност на парковско зеленило	x
Население	Појава на миграција	x
	Голема невработеност	x
Климатски фактори	Користење на огревно дрво за затоплување и не користење на обновливи извори на енергија	x

Сегашни проблеми со елементите на животната средина

5. Состојба без имплементација на планскиот документ

При подготовката на Планската документација за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за придружно услужни објекти на регионалниот пат Р1307 со намена А4.2 - мотели, на КП 202/6, дел од КП 181, дел од КП 183/1, дел од КП 202/1, дел од КП 202/5, дел од КП 203/2, дел од КП 204/2 и дел од КП 425, КО Шурленци, Општина Ресен, покрај планираното планско решение се разгледува и опцијата без спроведување на планската активност, односно состојбата на локацијата да остане во постојната, односно првобитната положба.

Опцијата без спроведување на планската активност подразбира отсуство на реализација на предвидената намена и планираните содржини во рамките на планскиот опфат. Во таков случај, постојното земјиште би продолжило да се користи согласно неговата постојна состојба, без воспоставување на соодветна просторна организација, инфраструктурно уредување и дефинирање на услови за контролирана и планска реализација на предвидената туристичко-угостителска намена.

Доколку предложениот план не се спроведе, можни се следните последици:

- Задржување на постојната состојба на просторот, без реализација на планираната туристичко-угостителска намена и без создавање на услови за организирано и контролирано користење на земјиштето;
- Појава на некомпатибилни или несоодветно организирани дејности, како последица на отсуството на јасно дефинирана намена и просторна организација;
- Недоволно искористување на расположливиот просторен потенцијал, особено имајќи ја предвид местоположбата покрај регионалниот пат Р1307 и потенцијалот за развој на придружни услужни и туристичко-угостителски содржини;
- Земјиштето и понатаму да остане со пониска економска и развојна вредност, поради неизградена инфраструктура и отсуство на планирани содржини кои би придонеле за зголемување на атрактивноста на локацијата;
- Отсуство на соодветна просторна регулација, што може да создаде услови за појава на неконтролирани интервенции во просторот и евентуално градење без соодветна планска основа;
- Недоволно уредување на комуналната и сообраќајната инфраструктура, што може да се одрази врз функционалноста и пристапноста на просторот;
- Потенцијално зголемување на ризикот од несоодветно управување со отпадот, доколку со текот на времето се појават активности или користење на просторот без соодветно организиран систем за собирање, селектирање и отстранување на отпадот;

- Можност за нарушување на квалитетот на одделни медиуми во животната средина, доколку во иднина се одвиваат активности без соодветна планска и еколошка контрола;
- Потенцијално влијание врз почвата и подземните води, особено во случај на несоодветно управување со отпадни материи, отпадни води или други материјали кои можат да претставуваат извор на загадување;
- Отсуство на системски услови за соодветно управување со отпадните води, односно за воспоставување на соодветни решенија за собирање, одведување и третман на отпадните води што би произлегувале од планираните туристичко-угостителски содржини;
- Немање услови за создавање поволен економски амбиент за одржлив економски и еколошки развој на локацијата и поширокото подрачје;
- Намалена можност за привлекување на инвестиции, поради неискористување на потенцијалот на локацијата за развој на туристички и услужни дејности;
- Намалени потенцијални приходи во локалниот буџет, кои би можеле да произлезат од реализацијата на планираната намена, комуналните надоместоци и други локални приходи;
- Намалена можност за отворање нови работни места, особено во областа на туризмот, угостителството, одржувањето, услугите и придружните дејности;
- Намалена можност за развој на локалната економија, преку поврзување на туристичките и услужните содржини со локалните производители, даватели на услуги и други економски субјекти;
- Зголемување на можноста за економска миграција на работоспособното население, како последица од ограничените можности за вработување и создавање приходи во локалната средина;
- Неискористување на потенцијалот за користење на обновливи извори на енергија, особено сончевата енергија, која може да се интегрира во идните објекти преку поставување фотоволтаични системи и други енергетски ефикасни решенија;
- Намалена можност за примена на современи принципи на енергетска ефикасност и одржливо градење, преку кои би се намалиле потрошувачката на енергија и потенцијалните влијанија врз животната средина;
- Неискористување на туристичкиот потенцијал на локацијата, особено поради непосредната поврзаност со регионалниот пат P1307 и можноста за обезбедување дополнителни услуги за туристи и други корисници на патниот правец;
- Намалена можност за развој на одржлив туризам, со оглед на тоа што планираната намена А4.2 - мотели овозможува воспоставување на организирани туристичко-угостителски содржини со соодветна инфраструктура и мерки за заштита на животната средина;
- Намалена можност за промоција на локалните туристички потенцијали, како и за поврзување на локацијата со поширокатa туристичка понуда на Општина Ресен и Преспанскиот регион;

- Намалена можност за подобрување на животниот стандард на локалното население, преку создавање нови економски активности, работни места и можности за локален приход;
- Продолжување на недоволно искористување на просторот, наместо негово планско активирање и уредување во согласност со принципите на одржлив просторен и економски развој.

Од аспект на животната средина, нереализирањето на планското решение не значи автоматски дека ќе дојде до загадување на животната средина. Сепак, со отсуство на планска реализација се пропушта можноста уште во фазата на планирање да се воспостават контролирани услови за користење на просторот, соодветна инфраструктура, управување со отпадните води и отпадот, рационално користење на енергијата и примена на мерки за заштита на почвата, водите, воздухот и природните вредности.

Од друга страна, со реализацијата на планираната намена А4.2 - мотели се создаваат услови за организирано и контролирано користење на просторот, при што сите идни објекти и инфраструктурни содржини ќе треба да бидат реализирани согласно утврдените плански услови, техничките стандарди и применливата законска регулатива од областа на просторното планирање, градењето и заштитата на животната средина.

Доколку не се реализираат предвидените решенија во рамките на планскиот опфат, ќе се пропушти можноста за планско активирање и економски одржлив развој на локацијата, како и за нејзино позиционирање и промоција како соодветна туристичко-угостителска локација долж регионалниот пат Р1307. Дополнително, нема да се искористи потенцијалот за создавање нови работни места, привлекување инвестиции, развој на услужните дејности и зголемување на туристичката понуда на Општина Ресен и поширокиот Преспански регион.

Оттука, анализата на опцијата без спроведување на планската активност укажува дека ваквата алтернатива би значела задржување на постојната состојба и неискористување на развојниот потенцијал на локацијата, додека со реализација на планското решение се создава основа за контролирано, планско и одржливо користење на просторот, со истовремено почитување на условите и мерките за заштита на животната средина.

6. Алтернативи и чинители за избор на алтернатива

Реализацијата на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за придружно услужни објекти на регионалниот пат Р1307 со намена А4.2 - мотели на КП 202/6, дел од КП 181, дел од КП 183/1, дел од КП 202/1, дел од КП 202/5, дел од КП 203/2, дел од КП 204/2 и дел од КП 425, КО Шурленци, Општина Ресен е од особено значење за реализирање наменски содржини и функционална операционализација за развој на планскиот опфат и општината.

Со изработката на планските решенија од Урбанистичката планска документација просторот добива нова можност за урбанистичка разработка и реализација.

При подготовката на планското решение е разгледувана алтернативата за неспроведување на планското решение со што состојбата во животната средина би останала под влијание само на природните фактори. Во овој случај се очекува моменталната состојба на теренот воопшто да не се промени, а економската пасивност и понатаму да продолжи.

Во случај на нереализирање на планските решенија на анализираното подрачје се очекува:

- Постојниот социјално-економски статус на населението во поширокото подрачје и понатаму да стагнира;
- Трендот на миграција на населението кон поразвиените урбани центри и понатаму да продолжи;
- Намалување на вредноста на земјиштето;
- Узурпација на просторот со дивоградби и други непланski и некомпатибилни содржини, а со тоа и деградација на пределската разновидност на подрачјето;
- Непланско и неорганизирано уредување на просторот со што негативно ќе се одрази врз медиумите во животната средина.

Реализирањето на планските решенија со избраната намена во просторот ќе овозможи искористување на поволната географска положба на локацијата, искористување на поволните микроклиматски услови и добрата поставеност во однос на сообраќајната поврзаност со околните населени места, зголемување на атрактивноста на просторот преку изградба на содржини кои се вклопуваат во пределот и подобрување на туристичката понуда и квалитетот на живот на локалното население.

Со реализација на овој план се овозможува локацијата да прерасне како единствена просторна и функционална целина која ќе даде голем допринос за развојот на локалната и национална економија, истовремено имајќи го за цел анимирањето на интересот на разни инвеститори за реализација на предложената програма за развој на туризмот како ориентација во актуелните економски тенденции на државата.

Активирањето на овој простор ќе овозможи одржлив развој на повеќе дејности, кои ќе продуцираат економски ефекти не само во областа на туризмот и угостителството, туку и во останатите дејности непосредно

поврзани со изработката и ефектуирањето на урбанистички решенија и тоа: проектирањето, градежништвото, комуналните дејности, трговијата, сообраќајот, занаетчиството, јавните функции и др.

Непосредниот ефект кој ќе произлезе со реализацијата на предложената Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за придружно услужни објекти на регионалниот пат Р1307 со намена А4.2 - мотели на КП 202/6, дел од КП 181, дел од КП 183/1, дел од КП 202/1, дел од КП 202/5, дел од КП 203/2, дел од КП 204/2 и дел од КП 425, КО Шурленци, Општина Ресен ќе се рефлектира врз зголемено ангажирање на расположливата работна сила преку нови вработувања во дејностите предвидени со планските содржини, односно позитивен кумулативен ефект врз социо - економската компонента и одржлива и интегрирана заштита на животната средина, што се одсликува преку:

- Социјална, економска и просторна кохезија во рамки на регионот, со оптимално користење на неговите специфични особености;
- Реализација на целите за заштита на животна средина релевантни за планскиот документ, преку примена на мерките за избегнување, ублажување и/или компензација на потенцијалните влијанија предложени во овој извештај;
- Зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина;
- Заштита на квалитетот на амбиентниот воздух, избегнување, спречување или намалување на штетни емисии во воздухот;
- Заштита, зачувување и постојано подобрување на расположливите водни ресурси преку нивно одржливо користење, спречување или намалување на штетни испуштања, одведувањето и третман на комуналните отпадни води, третман на отпадни води од страна на самите субјекти;
- Избегнување и намалување на создадениот отпад, негово селектирање и повторно искористување и отстранување на прифатлив начин согласно законските решенија;
- Рамномерен и одржлив просторен развој, рационално уредување и користење на просторот;
- Рационално и одржливо користење на природните ресурси;
- Користење на обновливи извори на енергија;
- Зачувување и заштита на компонентите на биолошката и пределската разновидност и
- Избегнување, спречување или намалување на бучавата.

Треба да се има во предвид, дека целите на планскиот документ за одржлив економски развој со своите пропратни содржини и неопходната инфраструктура, во еден дел може да биде во конфликт со животната средина и тоа би било изразено преку краткорочни негативни влијанија во фазата на изградба (аерозагадување, бучава, создавање на отпад) и долгорочно трајна промена на дел од пределските карактеристики. Поради

ова, во Стратегиската оцена на животна средина за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за придружно услужни објекти на регионалниот пат Р1307 со намена А4.2 - мотели на КП 202/6, дел од КП 181, дел од КП 183/1, дел од КП 202/1, дел од КП 202/5, дел од КП 203/2, дел од КП 204/2 и дел од КП 425, КО Шурленци, Општина Ресен се предложени мерки за заштита на медиумите од емисија на отпадни материи, од емисија на бучава, генерирање на отпад, различни непогоди и хаварии. Исто така, како составен дел на Извештајот за Стратегиска оцена се презентирани дополнителни мерки за спречување, намалување или ублажување на негативните влијанија врз животната средина од реализацијата на целите на планскиот документ.

Имајќи ги предвид констатираните состојби на теренот, наведениот плански опфат создава поволен амбиент за одржлив економско - социјален развој и од аспект на заштита на постојната флора и фауна во делот каде истата не е деградирана - уништена.

Како резултат на реализирање на планските содржини, кои подетално ќе бидат утврдени со Архитектонско - урбанистичкот проект, при што секако ќе се има предвид компатибилноста на планираната градба согласно потребите и сензибилноста на планскиот опфат, ќе заживее одржливиот економски развој на општината и регионот, ќе се намали економската миграција на населението и ќе се ефектуира просторот во насока на негово рационално искористување во функција на одржлив економски и еколошки развој.

Секако, тоа ќе ја намали натамошната узурпација на просторот и ненаменско користење на земјиштето, како и ќе ја подобри туристичката понуда.

Со реализирање на планскиот опфат се очекуваат и позитивни аспекти во делот на можноста за користење на обновливи извори на енергија, поволна диспозиција во однос на развојот на сообраќајната и комуналната инфраструктура, што е во функција на развојот на туристичката понуда.

7. Претпоставени влијанија врз медиумите на животната средина

Имплементацијата на планските решенија од Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за придружно услужни објекти на регионалниот пат Р1307 со намена А4.2 - мотели на КП 202/6, дел од КП 181, дел од КП 183/1, дел од КП 202/1, дел од КП 202/5, дел од КП 203/2, дел од КП 204/2 и дел од КП 425, КО Шурленци, Општина Ресен, може да има негативно, односно позитивно влијание врз животната средина. Извештајот за Стратегиска оцена ги зема во предвид влијанијата врз водата, воздухот и почвата, биодиверзитетот, пределите и нивните вредности, природното и културното наследство, како и влијанијата врз социо-економската состојба и здравјето на луѓето во Општина Ресен.

Извештајот за стратегиска оцена на животната средина не ги анализира поединечните развојни проекти, туку влијанијата врз медиумите на животната средина од глобален аспект. Значи, со извештајот се прави само проценка на можните влијанија врз животната средина, додека во подоцнежните фази, преку Студиите за оцена на влијание врз животната средина или Елаборатите за заштита на животната средина што се законска обврска на основа на укажаните ризици се прават детални анализи и препораки.

Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.

Влијание врз демографскиот фактор

Иницијативата на создавање на нестопански капацитети ќе има позитивно влијание на руралните населби во непосредната околина и ќе претставува движечка сила за побрз и порамномерен одржлив развој на истите. Тоа ќе влијае посредно и на вкупниот одржлив општествено-економски и урбан развој во регионот, односно пошироката околина. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за придружно услужни објекти на регионалниот пат Р1307 со намена А4.2 - мотели на КП

202/6, дел од КП 181, дел од КП 183/1, дел од КП 202/1, дел од КП 202/5, дел од КП 203/2, дел од КП 204/2 и дел од КП 425, КО Шурленци, Општина Ресен ќе има позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и негово одржливо користење и се разбира економски ефекти манифестирани преку отварање на нови работни места, едуцирање на нови квалитетни стручни кадри, неопходни во процесот на создавање на нова работна сила и нејзино вклучување во економскиот и општествен живот, како на локално, така и на регионално и на национално ниво. Тоа е важно со земање во предвид дека во Општина Ресен на чиј простор се наоѓа предметната локација, претставува расположива работна сила, што е значаен потенцијал за идниот развој на овој крај.

Реализацијата на предвидената содржина од планскиот опфат, не само што ќе влијае врз намалување на економската миграцијата на локалното население, туку ќе претставува и позитивен стимул за демографскиот развој, како и зголемување на наталитетот на долгорочна основа. Инвестиционите вложувања за реализација на оваа планска содржина ќе значат зголемување на животниот стандард и квалитетот на живеењето, како и привлекување на нови инвестиции од страна на бизнис секторот, односно на создавање на поволен и одржлив економски амбиент.

Инвестиционите вложувања за реализација на предвидените плански содржини ќе значат зголемување на животниот стандард и квалитетот на живот во непосредната околина.

Влијание врз човековото здравје

Со имплементацијата на планот, може да се предизвикаааат евентуално одредени влијанија врз здравјето на луѓето од аспект на неправилно управување со животната средина (не имплементирање на мерките за заштита на животната средина).

Обезбедувањето на заштитно зеленило и хортикултурно уредување на просторот ќе биде во насока на подобрување на здравјето на луѓето, што е опфатено и со планската содржина, при што треба да се почитуваат законски пропишаните стандарди. При изградбата и во зависност од типот на објектите да се применуваат пропишаните стандарди согласно Европските Директиви и меѓународната законска регулатива.

Заради намената на просторот и предвидените градби во опфатот на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за придружно услужни објекти на регионалниот пат Р1307 со намена А4.2 - мотели на КП 202/6, дел од КП 181, дел од КП 183/1, дел од КП 202/1, дел од КП 202/5, дел од КП 203/2, дел од КП 204/2 и дел од КП 425, КО Шурленци, Општина Ресен, не се очекуваат влијанија врз човековото здравје со реализацијата на овој плански документ.

Во текот на подготовка и изведба, односно во фазата на градежни активности на објекти - градби и инфраструктурна мрежа, може да се појави краткотрајно влијание врз здравјето на непосредните извршители на

градежните зафати. Влијанијата би се однесувале на влијание од зголемена бучава, издувни гасови и цврсти честички емитирани од моторни возила и тешката механизација, вибрации и генериран отпад.

Влијание врз социо-економската состојба

Имплементацијата на планските решенија дефинирани со овој план ќе има позитивно влијание врз социо-економскиот развој на општината, отварање на нови работни места, зголемување на стапката на економски раст, стимулирање на развојот на останатите дејности, проектирањето, комуналните дејности, градежништвото, трговијата, подобрување на начинот на живот, зголемување на приходите на локалната самоуправа, подобрување на комуналната инфраструктура и уреденост на просторот и сл.

Влијание врз квалитетот на амбиентниот воздух

Со Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за придружно услужни објекти на регионалниот пат Р1307 со намена А4.2 - мотели на КП 202/6, дел од КП 181, дел од КП 183/1, дел од КП 202/1, дел од КП 202/5, дел од КП 203/2, дел од КП 204/2 и дел од КП 425, КО Шурленци, Општина Ресен, не се очекуваат особени влијанија врз амбиентниот воздух. Одредени краткорочни влијанија врз квалитетот на воздухот се очекуваат во време на градба - изведбата на земјени и градежни работи при што се очекува појава на прашина, како фугитивна емисија на најситни честички на прашина и песок.

Поголемо влијание се очекува да се јави во вид на прашина и емисии од загадувачки материи во воздухот, како резултат на градежни активности при изведбата на планираните содржини предвидени во планскиот опфат, а кој подетално ќе бидат разработени со Архитектонско - урбанистичкиот проект, при изведбата инфраструктурна мрежа во функција за потребите на планираната градба.

Со изградба на предвидената содржина се очекува да се зголеми бројот на посетители и туристички групи во летниот период, што ќе предизвика зголемено ниво на емисии на издувни гасови од мобилните извори во воздухот.

Евентуалните влијанија ќе бидат детално анализирани при изработката на Студијата за оценка за влијанието врз животната средина или елаборатите за заштита на животната средина од сите аспекти на животната средина, како би се остварило поволни услови за подобрување на квалитетот на воздухот, што е и законска обврска, која треба да се реализира во фазата на добивање на одобрението за градба.

Влијание врз климатски промени

Со оглед на локацијата на која се предвидува реализацијата на оваа планска содржина не се очекува дека ќе има нарушување на квалитетот на воздухот во поширокиот регион или климатски промени.

Ваквиот тип на објекти не спаѓа во групата на големи загадувачи на животната средина. Имајќи ја во предвид намената на класи за овој плански опфат не се очекуваат големи согорувачки процеси (освен употребата на котли со мали капацитети доколку би се користеле сезонски за греење) или пак користење на електрична енергија. Дополнителното утврдување на можностите за користење на обновливи извори на енергија за затоплување на објектот во зимскиот период е избор на уште поповолна алтернатива за индиректно намалување на емисиите на CO_2 во животната средина, кои би можеле да влијаат на микроклимата во поширокото опкружување. Искористувањето на соларната енергија како извор на енергија оди во прилог на намалување на влијанијата на климатските промени.

Влијание предизвикано од зголемена бучава

Во фазата на градба, при реализација на предвидените активности може да се очекува зголемено ниво на бучава од употребата на механизацијата.

Доколку при имплементација на планскиот опфат се применат мерките дефинирани согласно Стратегиската оцена на влијанијата врз животната средина од секоја посебна активност ќе се намалат очекуваните ефекти од зголемена бучава и ќе се сведат на дозволените нивоа, во согласност со Законот за бучава.

Во однос на функционирањето на објектот, изворот на бучава ќе биде само од лесните возила.

Евентуалните влијанија ќе бидат детално анализирани при изработката на Студијата за оценка за влијанието врз животната средина или елаборатите за заштита на животната средина од сите аспекти на животната средина, како би се остварило поволни услови за подобрување на квалитетот на воздухот, што е и законска обврска, која треба да се реализира во фазата на добивање на одобрението за градба.

Влијание врз квалитетот на водите

Идентификуван извор на отпадни води во објектот ќе бидат санитарните отпадни води, кои ќе се собираат во водонепропусна септичка јама. Не се предвидува директно испуштање на санитарните води во површинските или подземните води.

Септичката јама ќе се празни навремено, согласно потребата и нејзиниот капацитет, од страна на соодветно овластено правно лице. Со правилно изведување, користење и одржување на септичката јама, се очекува да се спречи негативното влијание врз почвата и водите.

Потенцијално негативно влијание може да настане при оштетување, протекување или преполнување на септичката јама, како и при неправилно управување со отпадот. Поради тоа, потребно е редовно да се контролира нејзината состојба и навремено да се врши празнење.

Влијанието врз квалитетот на водите во оперативната фаза се оценува како мало, локално и контролирано, со примена на соодветни мерки за заштита.

Подетална анализа од евентуалните влијанија врз квалитетот на водите ќе се разгледаат во понатамошните фази преку изработката на студиите за Оценка за влијанието на животната средина или елаборатите за заштита на животната средина што се законска обврска.

Влијание врз почвата

Со имплементација на овој план ќе се оствари рационално користење на земјиштето, односно целокупната површина ќе се осмисли со наменска содржина која ќе резултира со веќе споменатите придобивки. Евентуалните влијанија врз почвата може да произлезат од несоодветно управување со санитарните води, генерираниот отпад, издувните гасови од превозните средства и сл.

Значајни влијанија врз почвата не се очекуваат, бидејќи во Планот за изградба ќе се предвидат мерки и решенија за комуналната инфраструктурна мрежа, управување со отпадните води и отпадот кој ќе се генерира во објектите. Индиректно, негативно влијание на почвата како резултат на издувните гасови од возилата и емисиите од планираниот опфат во планскиот опфат се проценуваат како не многу значајни со оглед на предвидените заштитни зелени зони и природата на предвидениот објект.

Подетална анализа од евентуалните влијанија врз почвата ќе се разгледаат во понатамошните фази преку изработката на студиите за Оценка за влијанието на животната средина или елаборатите за заштита на животната средина што се законска обврска.

Влијание врз пределот

Во моментов, на локацијата на планскиот опфат се наоѓа старо одморалиште кое не е во функција повеќе подолг период. На локацијата може да се видат објекти и друга инфраструктура која порано се користела, кои сега се во руинирана состојба. Овие објект иако постојат неколку децении, сами по себе предизивикуваат негативни влијанија во околниот предел и визуелните аспекти.

Со реализацијата на предвидените проектни активности, ќе допринесе до позитивна промена на пределот и визуелните аспекти во околината на проектната локација.

Влијание врз културното наследство

Културното наследство на регионот е симбиоза на непроценливи материјални и духовни вредности во една урбанистичко-архитектонска целина сочинувајќи нераскинливо единство на традиционални и уметнички вредности и книжевни, документациони фондови, почнувајќи од праисторијата до денес.

Доколку при реализација на земјаните активности на терен се наиде на археолошко наоѓалиште, треба да се постапи согласно одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Сл. Весник на РМ" бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19) и („Сл. Весник на РСМ" бр. 3/25 и 160/25).

Влијание врз биодиверзитетот (флора и фауна)

Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија („Сл. Весник на РМ" бр. 39/04) просторот кој е предмет на разработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за придружно услужни објекти на регионалниот пат Р1307 со намена А4.2 - мотели на КП 202/6, дел од КП 181, дел од КП 183/1, дел од КП 202/1, дел од КП 202/5, дел од КП 203/2, дел од КП 204/2 и дел од КП 425, КО Шурленци, општина Ресен, се наоѓа во непосредна близина на заштитени подрачја Национален парк Галичица и СП Преспанско Езеро.

Од областа на заштита на природата, урбанистичката документација е усогласена со Просторниот план на Република Македонија и Просторниот план на Охридско-Преспански регион, како и Законот за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро, Законот за заштита на природата, на тој начин што врз основа на режимите на заштита, се организирани активностите за разработка на планската документација и изградба на градби, кои ќе се усогласат со барањата кои ги поставува одржливото користење на природата и современиот третман на заштита.

Во просторот опфатен со Урбанистички проект треба да се има во предвид непосредната близина на Преспанско Езеро.

Генерално со имплементацијата на планската документација не се очекуваат влијанија врз биолошката разновидност, бидејќи во рамките на планскиот опфат се среќаваат Антропогените хортикултурно уредени растенија со појаси од дрвја и дрвореди, во чиј состав не влегуваат ендемични, ретки или загрозени видови.

Но, во случаи кога би дошло до вршење на активности надвор од утврдениот плански опфат би се очекувале влијанија врз видовиот состав на околните заедници. Исто така, можни се влијанија врз биодиверзитетот во текот на градежна фаза, при несоодветно чување и складирање на опасни материи, како и несоодветно управување и одлагање на генерираниот отпад во текот на имплементацијата на планските содржини.

Со имплементацијата на планските активности, не се очекуваат потенцијални влијанија врз погоре идентификуваните заштитени подрачја и меѓународно признати подрачја, бидејќи во просторот опфатен со планската документација во минатото се користел за како туристичко одоралиште особено во летниот период. Можни се влијанија во текот на градежните активности на објектите во планскиот опфат, но истите би биле краткотрајни и локализирано на самиот плански опфат.

Поцелосна анализа од сите аспекти на евентуалните влијанија врз биодиверзитетот ќе бидат предмет на посебни студии или елаборати согласно Законот.

Влијание врз материјалните добра

Имплементацијата на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за придружно услужни објекти на регионалниот пат Р1307 со намена А4.2 - мотели на КП 202/6, дел од КП 181, дел од КП 183/1, дел од КП 202/1, дел од КП 202/5, дел од КП 203/2, дел од КП 204/2 и дел од КП 425, КО Шурленци, Општина Ресен, ќе ја зголеми економската вредност на земјиштето на поширокото подрачје и ќе се надоврзе со веќе постоечките туристички капацитети. Вредноста на земјиштето ќе се зголеми заради туристичката атрактивност на просторот и постојните пејзажни доминанти во околниот предел.

Влијание по однос на генерирање на отпад

При реализација на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за придружно услужни објекти на регионалниот пат Р1307 со намена А4.2 - мотели на КП 202/6, дел од КП 181, дел од КП 183/1, дел од КП 202/1, дел од КП 202/5, дел од КП 203/2, дел од КП 204/2 и дел од КП 425, КО Шурленци, Општина Ресен, во градежната фаза ќе се создадат поголеми количини на градежен отпад при реализација на градежните активности и земјен отпад заради раскопување на земјиштето. Во планскиот документ да се предвиди доколку е возможно градежниот шут повторно да се искористи при тампонирање на пристапните делови и покривање на ископите или уредно да се одложи на депонија по завршување на градежните активности.

Доколку отпадот уредно се селектира и собира во контејнери, а после тоа комуналниот отпад организирано се транспортира на депонија се очекува влијанијата од генерирањето на отпад да бидат сведени на минимум.

Подетална анализа од евентуалните влијанија по однос на генерирањето на отпад ќе се разгледаат во понатамошните фази преку изработката на студиите за Оценка за влијанието на животната средина или елаборатите за заштита на животната средина што се законска обврска.

Влијание од пожар

Можни несреќи и хаварии кои би можеле да настанат во рамките на планскиот опфат се појава на пожар, елементарни непогоди и други вонредни настани. Со цел заштита на луѓето, материјалните добра и животната средина, при реализацијата на планираните содржини потребно е да се применуваат соодветни превентивни и заштитни мерки.

Во објектите и просторот ќе се обезбедат услови за противпожарна заштита, согласно важечките прописи и технички нормативи. Објектите ќе бидат поставени и организирани така што ќе овозможуваат непречен пристап и интервенција на противпожарни возила, како и безбедна евакуација на присутните лица.

Ќе се предвидат соодветни противпожарни апарати и друга потребна опрема, а по потреба и хидрантска мрежа, согласно намената и карактеристиките на објектите. Пристапните сообраќајници и површини ќе овозможуваат брзо пристапување на противпожарните екипи и ефикасно спроведување на интервенцијата.

Со примената на наведените мерки се очекува ризикот од појава и ширење на пожар да биде сведен на најниско можно ниво, а евентуалните последици врз луѓето, материјалните добра и животната средина да бидат минимизирани..

Влијание од несреќи и хаварии

Во рамките на планскиот опфат можни несреќи и хаварии се појавата на пожар, елементарни непогоди и други непредвидени настани кои можат да предизвикаат загрозување на луѓето, материјалните добра и животната средина.

За успешно функционирање на системот за заштита од несреќи и хаварии, при планирањето и реализацијата на објектите ќе се применуваат соодветни превентивни и заштитни мерки, согласно важечката законска регулатива и техничките нормативи. Објектите ќе бидат организирани и поставени така што ќе овозможуваат непречен пристап на противпожарни возила, како и брза и ефикасна интервенција во случај на пожар или друга хаварија.

Пристапните сообраќајници и површини ќе бидат проектирани со соодветни димензии и носивост, согласно пропишаните услови, со што ќе се овозможи непречено движење на возилата и пристап до објектите. Ќе се обезбедат и услови за безбедна евакуација на присутните лица и пристап до потребната опрема за гасење пожар и спасување.

Планирањето, проектирањето и изработката на техничката документација треба да бидат во согласност со Законот за заштита и спасување, Законот за пожарникарството, како и со другите важечки прописи и технички нормативи од областа на заштитата од пожари и несреќи.

Деталната анализа на ризиците од несреќи и хаварии, како и конкретните мерки за нивно спречување и минимизирање, ќе биде предмет на соодветните студии, елаборати и техничка документација, кои согласно законските обврски ќе се изработуваат во понатамошните фази од реализацијата на инвестицијата.

Со примена на соодветни превентивни мерки и почитување на пропишаните стандарди се очекува потенцијалните ризици од несреќи и хаварии да бидат сведени на најниско можно ниво.

8. Мерки за заштита, намалување и неутрализирање на значајните влијанија врз животната средина од имплементација на планскиот документ

Заштитата и унапредувањето на животната средина е темелна вредност на Уставот на РСМ (член 8) и е регулирана со Законот за животна средина, како и останатите закони и подзаконски акти кои се наведени во овој Извештај. Овој Извештај, кој се базира на релевантните податоци од Просторниот план на Република Македонија, Националниот Еколошки Акционен План, секторски студии за одредени области, како и податоци утврдени на самиот локалитет, предвидува и мерки за заштита на животната средина од влијанијата кои се очекуваат со имплементацијата на планската документација, а кои е потребно да се испочитуваат во текот на подготовката на планската документација.

Анализата на влијанијата врз животната средина, како превентива, има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од пасивниот пристап, со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите, давачите на услуги и општеството во целост, превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобалното управување со животната средина засновано на принципите на одржливиот развој. Одржувањето на континуитет во следењето на состојбите во медиумите и областите на животната средина, дава претстава за трендот на промени кои настанале во текот на подолг временски период на анализираното подрачје, како основа за планирање и предвидување на промените кои би можело да се очекуваат во животната средина во временската рамка на која се однесува планскиот документ.

За реализација на системот за заштита на животната средина потребно е да се почитува:

- Интегрирано управување со отпадот;
- Зачувување на амбиенталните, естетските и рекреативните потенцијали на просторот;
- Изградба на современа инфраструктура;
- Искористување на соларна енергија, преку имплементирање на концептот неограничен извор на енергија;
- Загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе трошоците за санација, како и да ја стави во функција животната средина во состојба како пред оштетувањето;
- Доследно спроведување на планот.

Во поглед на озеленувањето, да се планираат соодветни профили на дрвореди покрај објектите. Изборот на зеленило треба да се усогласи со условите за заштита и негова намена. Диспозицијата на високите дрвја да

биде усогласена со трасите на подземните инсталации, додека изборот на видот на озеленувањето да биде во согласност со условите во работната средина, односно способноста на повеќе апсорпција на штетни гасови и кои немаат посебен третман за одржување.

Заради значењето и важноста на Преспанското Езеро, секој субјект е должен во текот на своите активности да се однесува внимателно и рационално во користењето на водите, да го спречува загадувањето и да избегнува активности кои можат да го загрозат човековото здравје и животната средина.

Согласно мислење од Службата за просторно информативен систем како и согласно евиденцијата на природното наследство на територијата на РМ и Секторската Студија за заштита на природното наследство, изготвена за потребите на Просторниот план на РМ („Сл. Весник на РМ" бр. 39/04), констатирано е дека просторот на предметниот плански опфат на проектот се наоѓа внатре во НП Галичица, во зона за одржливо користење. Согласно член 106 од Законот за заштита на природата, зоната за одржливо користење претставува дел од заштитеното подрачје кое не поседува високи вредности за заштитата, каде што се наоѓаат инфраструктурни објекти, објекти на културното наследство, типови на шумски насади кои што не се карактеристични за подрачјето, како и населени места со околното земјоделско земјиште. Исто така, предметниот опфат во многу мал дел навлегува и во идентификуваното Натура 200 подрачје Преспанско Езеро.

- ***Мерки за намалување на влијанијата врз демографскиот фактор***

Реализацијата на предвидената содржина од планскиот опфат ќе има позитивно влијание, пред се, на населбите во непосредната околина и ќе претставува движечка сила за побрз и порамномерен одржлив развој на истите и ќе овозможи развој на локалната економија. Изработката на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за придружно услужни објекти на регионалниот пат Р1307 со намена А4.2 - мотели на КП 202/6, дел од КП 181, дел од КП 183/1, дел од КП 202/1, дел од КП 202/5, дел од КП 203/2, дел од КП 204/2 и дел од КП 425, КО Шурленци, Општина Ресен, ќе има позитивен стимул и ефекти врз целото окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и одржлив економски развој, економски ефекти манифестирани преку отварање на нови работни места, едуцирање на нови квалитетни стручни кадри неопходни во процесот на создавање на нова работна сила и нејзино вклучување во економскиот и општествен живот, како на локално, така и на регионално и национално ниво.

Реализација на планската документација ќе влијае во насока на намалување на економската миграција на локалното население и ќе претставува позитивен стимул за демографскиот развој како и зголемување на наталитетот на долгорочна основа. Инвестиционите вложувања за реализација на оваа планска содржина ќе значат зголемување на животниот

стандард и квалитетот на живеењето, како и привлекување на нови инвестиции од страна на бизнис секторот.

Според тоа, може да се каже, дека имплементацијата на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за придружно услужни објекти на регионалниот пат Р1307 со намена А4.2 - мотели на КП 202/6, дел од КП 181, дел од КП 183/1, дел од КП 202/1, дел од КП 202/5, дел од КП 203/2, дел од КП 204/2 и дел од КП 425, КО Шурленци, Општина Ресен ќе има позитивни долгорочни влијанија врз развојот на демографските карактеристики на општина Ресен.

- ***Мерки за намалување на влијанијата врз човековото здравје***

Заради намената на просторот предвидена со Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за придружно услужни објекти на регионалниот пат Р1307 со намена А4.2 - мотели на КП 202/6, дел од КП 181, дел од КП 183/1, дел од КП 202/1, дел од КП 202/5, дел од КП 203/2, дел од КП 204/2 и дел од КП 425, КО Шурленци, Општина Ресен не се очекуваат значителни влијанија врз човековото здравје.

Во текот на земјените работи се предлага прскање на земјиштето/мобилното градилиште со вода, за да се намали емисијата на суспендирани цврсти честички и негативното влијание врз квалитетот на воздухот.

Цврстиот отпад што би се јавил во рамките на планираниот опфат е потенцијална опасност и се предлага негово интегрирано управување и третирање, односно собирање и селектирање на за таа цел определена локација, а отпадот што ќе остане да се организира за негово транспортирање до местото наменето за одлагање на отпад.

Отпадот од градежните активности, односно градежниот отпад доколку не може да се искористи за тампонирање и слично да се собира, транспортира и депонира на за таа цел утврдената депонија.

По реализацијата на планот не се очекува негативно влијание врз човековото здравје.

Интегралната реализација на предложените мерки е во насока на намалување на можните негативни влијанија врз животната средина, кои може на директен или индиректен начин да се рефлектираат врз здравјето на луѓето. Доследно спроведување на планските решенија за сообраќајната и комуналната инфраструктура ќе бидат доволна гаранција за директна заштита на човековото здравје. Имено, со овие решенија можноста за загадување на медиумите на животната средина (почва, површинските и подземните води и воздухот) ќе се сведе на минимум, а со самото тоа и можноста за загрозување на човековото здравје.

- ***Мерки за намалување на влијанијата врз социо-економската состојба***

Реализацијата на планскиот документ позитивно ќе влијае на социо-економската состојба на населението, ќе го подобри квалитетот на живеењето и ќе го зголеми стандардот на населението. Со планско уредување на просторот и реализација на предвидените плански решенија ќе се зголеми економската вредност на објектите во непосредна околина, ќе се создадат услови за искористување на расположивата работната сила, економски раст и добросостојба на локалното население.

- ***Мерки за намалување на влијанијата врз амбиентниот воздух***

Воздухот е еден од основните елементи за чиста и здрава животна средина и неопходно е при проектирање и реализација на објектот да се применат и имплементираат современи технологии и најдобри достапни техники кои го заштитуваат воздухот од загадување.

За намалување на влијанијата врз квалитетот на амбиентниот воздух од имплементацијата на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за придружно услужни објекти на регионалниот пат Р1307 со намена А4.2 - мотели на КП 202/6, дел од КП 181, дел од КП 183/1, дел од КП 202/1, дел од КП 202/5, дел од КП 203/2, дел од КП 204/2 и дел од КП 425, КО Шурленци, Општина Ресен се препорачува користење на обновливи извори на енергија, како енергетски ресурси и предвидување на зелени површини на соодветни слободни површини, хортикултурно уредување на просторот, што индиректно ќе влијае на реализација на целите и приоритетите одредени според Националниот план за заштита на амбиентен воздух во РСМ, според кој треба да се обезбеди преземање на мерки за намалување на емисиите од определени стационарни извори на загадување и усвојување на неопходни мерки и активности за минимизирање и целосно отстранување на негативните ефекти врз квалитетот на амбиентниот воздух.

За намалување на влијанијата врз квалитетот на амбиентниот воздух од имплементацијата на Урбанистички план се предлагаат следните мерки:

- Користење на обновливи извори на енергија како енергетски ресурси кои што се во директна насока на подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух;
- Користење на современи транспортни средства и механизација при вршење на градежните работи, согласно стандардите на ЕУ;
- Избегнување на користењето на дрвата и фосилните горива како енергетски ресурс;
- Користење на електрична енергија како енергенс за затоплување при што нема да има никакви загадувачки емисии или создавање можност за искористување на обновливи извори на енергија;
- Подигање на зелени зони на ниско и високо зеленило околу граничната линија на планскиот опфат;

- При планирањето и изградбата на објектите приоритет да се дава на најдобро достапните техники;
- За подобрување на квалитетот на воздухот во опфатот, на сите слободни површини да се предвидат зелени површини, односно да се предвиди формирање на појаси со заштитно зеленило, ниско и средно, со долг вегетациски период се со цел нивно функционално развивање како и додатно намалување на евентуалното аерозагадувањето.

- ***Мерки за намалување на влијанијата врз климатските промени***

Проценките за климатските промени на анализираното подрачје посочуваат дека летната сезона би можела да се продолжи како резултат на порастот на температурата на воздухот, што ќе има позитивни импликации врз развојот на туризмот. Изградбата на новопредвидените содржини нема да има значителни импликации врз микроклимата на анализираното подрачје.

Предвиденото озеленување на просторот треба да се изведува плански со претходна анализа на изборот на вегетација. Дополнително, видот на дрвјата може да придонесе за намалување на околната температура на воздухот, а со тоа да го ублажи влијанието на високите температури во летниот период.

- ***Мерки за заштита од бучава***

Во насока на минимизирање на бучавата во периодот на градба, се препорачува употреба на современа механизација и запазување на дозволените нивоа на бучава.

Заради намалување на бучавата од сообраќајниците треба да се обезбедат заштитни зелени појаси по должината, односно да се формираат зелени коридори.

Мерки кои се предвидуваат за спречување и намалување на бучавата се:

- Објавување на план на отпочнување и завршување на работите;
- Изведба на работите во тек на дневни часови и намалување на можноста за вознемиреност од бучава (од 07.00-17.00 часот);
- Користење на нови и технички исправни машини, кои предизикуваат помало ниво на бучава;
- Изведба на заштитни зелени појаси и хортикултурни садници во границите на планскиот опфат за намалување на нивото на бучава.

- ***Мерки за намлување на влијанијата од вибрации***

Имплементацијата на планската документација нема да предизвика значителни вибрации поради што нема да се воведат некои посебни мерки.

- ***Мерки за намалување на влијанијата врз почвата***

Својствата на почвата индиректно влијаат, како на квалитетот на почвата, така и на квалитетот на подземните води, затоа е потребно да се предвидат соодветни мерки за спречување и намалување на влијанијата врз почвата.

Во време на градежните активности потребно е контролирано и внимателно отстранување на површинскиот слој од почвата, да не се вршат поголеми ископи од планираните, како и вишокот на земја да се искористи повторно.

Градежниот шут ако може да се употреби за тампонирање, а во случај да треба да се отстрани, истиот да се собере, транспортира и одложи на за таа цел посебно место на депонија.

Во оперативната фаза треба да се забрани фрлање и неконтролирано одлагање на отпад.

- Мерки за намалување на влијанијата врз флората и фауната

При изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за придружно услужни објекти на регионалниот пат Р1307 со намена А4.2 - мотели на КП 202/6, дел од КП 181, дел од КП 183/1, дел од КП 202/1, дел од КП 202/5, дел од КП 203/2, дел од КП 204/2 и дел од КП 425, КО Шурленци, Општина Ресен да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за заштита на природата („Сл. Весник на РМ" бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 63/16 и 113/18) и („Сл. Весник на РСМ" бр. 151/21 и 3/25), подзаконските акти донесена врз основа на овој закон, Закон за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро („Сл. Весник на РМ" бр. 45/77, 8/80, 51/88, 10/90 и 62/93), како и заштитните категории и режимите за заштита, согласно валоризацијата дадена во Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на РМ и Просторниот план на Охридско-преспанскиот регион.

Доколку при изработка на УП или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природното наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се превземат следните мерки на заштита на природното наследство:

- Утврдување на границите и означување на сите објекти кои би можеле да бидат предложени и прогласени како природно наследство;
- Забрана за вршење на какви било стопански активности кои не се во согласност со целите и мерките за заштита утврдени со правниот акт за прогласување природното добро или Просторниот план за подрачје со специјална намена;
- Магистралната и останатата инфраструктура (надземна и подземна) да се води надвор од објектите со природни вредности, а при помали зафати потребно е нејзино естетско вклопување во природниот пејзаж;

- Воспоставување на мониторинг, перманентна контрола и надзор на објектите со природни вредности и преземање на стручни и управни постапки за санирање на негативните појави;
- Воспоставување на стручна соработка со соодветни институции во окружувањето;
- Почитување на начелата за заштита на природата согласно Законот за заштита на природата.

За намалување на влијанијата врз околниот растителен и животински свет кои ќе се јават како резултат на појавата на издувни гасови од користењето на градежна механизација во подготвителната и конструктивна фаза и користењето на моторни возила се препорачува употреба на исправна градежна механизација и користење на еколошки сертифицирани горива.

За време на подготвителната и конструктивна фаза исто така, се очекува појава на емисии на фугитивна прашина како резултат на работењето на градежната механизација. За намалување на влијанијата од емисиите на фугитивна прашина се препорачува употреба на распрскувачи со вода.

За намалување на влијанијата врз биолошката разновидност се препорачува:

- Мерки на добра градежна практика,
- Избегнување уништување на природни живеалишта, избегнување привремено окупирање и уништување на соседното земјиште;
- Соодветно складирање на опасни материи, обезбедување мерки за заштита од пожар и опрема/возило,
- Воспоставување соодветно управување со отпадот и активности за да се осигура дека контаминираниот материјал е идентификуван, изолиран и отстранет на соодветни локации за третман или депонија за да се избегнат какви било влијанија врз биолошката разновидност;
- Дизајнирање и спроведување на соодветни планови и активности за управување за следење на нивното спроведување во текот на изградбата.

Преку иплементација на мерките предложени за намалување на влијанијата врз биолошката разновидност, ќе се намалат идентификуваните влијанија врз заштитени подрачја и меѓународно признати подрачја.

- Мерки за намалување на влијанијата врз пределот

Предвидените содржини во планската документација треба да бидат вклопени во околниот пејзаж и да придонесат кон зачувување и подобрување на естетските потенцијали на пределот. Со изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за придружно услужни објекти на регионалниот пат Р1307 со намена А4.2 - мотели на КП 202/6, дел од КП 181, дел од КП 183/1, дел од КП 202/1, дел од КП 202/5, дел од КП 203/2, дел од КП 204/2 и дел од КП 425, КО Шурленци, Општина Ресен просторот добива нова

димензија во функција на зголемување на атрактивноста на подрачјето и зголемување на неговата вредност.

Имплементацијата на планот ќе има позитивно влијание на пределот, ќе делува како една осмислена урбанизирана целина во која покрај објектот треба да се предвидат зелени површини со хортикултурно уредување.

- Мерки за намалување на влијанијата врз материјалните добра

Предвидената содржина на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за придружно услужни објекти на регионалниот пат Р1307 со намена А4.2 - мотели на КП 202/6, дел од КП 181, дел од КП 183/1, дел од КП 202/1, дел од КП 202/5, дел од КП 203/2, дел од КП 204/2 и дел од КП 425, КО Шурленци, Општина Ресен, имаат позитивно влијание врз материјалните добра заради зголемување на атрактивноста на просторот со самата реализација на овој план. Оттука, мерките кои би се превземале би биле во насока на зголемување на позитивните импликации на околниот простор и зголемување на неговата атрактивност и вредност.

- Мерки за намалување на влијанијата врз културното наследство

Согласно Законот за заштита на културното наследство („Сл. Весник на РМ" бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19) и („Сл. Весник на РСМ" бр. 3/25 и 160/25) во просторните и урбанистички планови, врз основа на документацијата за недвижното културно наследство, задолжително се утврдуваат плански мерки за заштита на спомениците на културата, како и насоки за определување на режимот на нивната заштита.

Доколку при изведување на земјаните работи, а заради изградба на предвидените содржини со Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за придружно услужни објекти на регионалниот пат Р1307 со намена А4.2 - мотели на КП 202/6, дел од КП 181, дел од КП 183/1, дел од КП 202/1, дел од КП 202/5, дел од КП 203/2, дел од КП 204/2 и дел од КП 425, КО Шурленци, Општина Ресен се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

При изработката на планската документација од пониско ниво, да се утврди точната позиција на утврдениот локалитет со културно наследство и во таа смисла да се применат плански мерки за заштита на недвижното наследство:

- Задолжителен третман на недвижното културно наследство во процесот на изработката на просторните и урбанистичките планови од пониско ниво заради обезбедување на плански услови за нивна заштита, остварување на нивната културна функција, просторна интеграција и активно користење на спомениците на културата за

соодветна намена, во туристичкото стопанство, во малото стопанство и услугите, како и вкупниот развој на државата;

- Планирање и реконструкција, ревитализација и конзервација на најзначајните споменички целини и објекти и организација и уредување на контактниот, околниот споменичен простор заради зачувување на нивната културно-историска димензија и нивна соодветна презентација;
- Измена и дополнување на просторните и урбанистичките планови заради усогласување од аспект на заштитата на недвижното културно наследство.

Согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање културното недвижно наследство во просторните и урбанистички планови треба да се третира на начин кој ќе обебзеди негово успешно вклопување во просторното и организационо ткиво на градовите и населените места или пошироките подрачја и потенцирање на неговите градежни, обликовни и естетски вредности.

- Мерки за намалување на влијанијата од управување со отпад

За собирање на цврстиот отпад треба да се постават контејнери за отпад, да се определат пунктови за собирање на отпадот, селекција и поплочени места за поставување на контејнерите. Останатиот отпад, организирано ќе се собира и ќе се одложува на депонија.

Согласно Законот за управување со отпад („Сл. Весник на РСМ" бр. 216/21 и 3/25), создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

По завршувањето на градежните активности потребно е да се процени можноста за повторно искористување на отстранетата почва од теренот при изведување на земјаните работи, а со цел да се избегнат дополнителните економски трошоци заради потребата од нејзина дислокација. Исто така, по завршување на градежните активности потребно е да се обезбеди вегетациски покривач на почвата околу новоизградените содржини.

За воспоставување на систем на интегрирано и одржливо управување со отпадот во сите негови фази и заради елиминирање на потенцијалните влијанија од неговото продуцирање се предлага присуство на лице лиценциран експерт за управување со отпад, кој ќе подготви Оперативен план за активностите и воспостави целосен и перманентен мониторинг.

За избегнување на евентуалните влијанија врз животната средина поради несоодветното управување со отпадот, кој што ќе се создава на локацијата се препорачува реализација на законските обврски за управување со отпадот, почитувајќи ги пред се основните принципи за управување со отпадот (одржлив развој, принципот на близина, хиерархија на отпадот, загадувачот плаќа и др.). При управувањето со отпадот да се земе во предвид

хиерархијата во управувањето со отпадот и различни достапни технички опции за избегнување на отпадот, намалување на потенцијалот на опасност на отпадот и намалување на самите извори, искористување за материјали/енергија, како и намалување на остатоците за депонирање во согласност со оценката на најдобра можна еколошка опција со цел да се применува еколошки безбедно финално депонирање, зачувување на необновливите природни ресурси и постигнување на минимални емисии од процесите на третман/депонирање на отпад во животната средина.

Неопходно е да се воспостави ефективна организациска поставеност во сите фази на реализација на планскиот опфат од планирање до финално отстранување на генерираниот отпад на локацијата. Активностите на управување со отпад мора да ги спречуваат емисиите во животната средина, како и штетните и другите негативни ефекти врз здравјето и добро состојбата на населението, за животните и за вегетацијата и за живеалиштата и за природата, преку техничките мерки со посебна цел да се заштитат зелените површини и водните ресурси кои претставуваат добра од посебен национален интерес.

- Мерки за намалување на влијанијата врз површинските и подземните води

Заштитата на водата се третира како превентивна заштита. Превентивната заштита на водата при подземно водење на инфраструктурните водови за водоснабдување и прифаќање на отпадните води, како подземни инсталации се однесува на нивна монтажа, експлоатација, одржување и интервенција. Водовите да се постават во се према техничките нормативи и стандарди кои ќе ја обезбедат нивната сигурност, безбедност и долготрајност во експлоатацијата, ракувањето и одржувањето.

Реализацијата на хидротехничката инфраструктура ќе се одвива преку изработка на Основни проекти, а врз основа на Хидротехнички услови добиени од надлежното комунално претпријатие.

За намалување на влијанијата се препорачува:

- Отпадните води од објектите ќе бидат прифатени и евакуирани во планирана водонепропусна септичка јама со капацитет потребен за задоволување на ваков вид на објекти;
- Изборот на материјалите да биде во согласност со важечките стандарди и нормативи и квалитетно, без хаварии и долготрајно со најмали замени и интервенции да го опслужуваат секој поединечен корисник;
- Континуирано следење на квалитетот на водите;
- Интегрално управување со комуналниот отпад и негова селекција, и
- Запазување на целите на животната средина и почитување на поставените стандарди.

- Мерки за намалување на влијанијата од несреќи и хаварии

За намалување на можните влијанија предизвикани од несреќи и хаварии се препорачува имплементација на мерките дадени во планската документација, во фазата на изградба, што ќе овозможат минимизирање на евентуалните појави за несреќи и хаварии во оперативната фаза.

- Мерки за заштита и спасување

Мерки за заштита од урнатини

Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките планови во текот на планирање на просторот.

Во Урбанистичката планска документација е утврден претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на собраќајниците, врз основа на што е изработено планираното решение.

При планирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците, зони на тотални урнатини.

Според очекуваните сеизмички интензитети оваа локација се наоѓа во зона на потреси од 8° по МЦС скалата.

Да се предвидува асеизмична градба, како можна превенција, со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

Во случај на можни разурнувања, планираните решенија на уличната мрежа обезбедуваат:

- брза и непречена евакуација на луѓето (нема тесни грла на сообраќајниците);
- брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални возила;
- непречена интервенција во кругот на катастрофата;
- штетите да се сведат на минимум и
- брза санација на последиците.

За инфраструктурната мрежа не се предвидуваат посебни урбанистички мерки од природни катастрофи.

Другите елементи за заштита од земјотреси, како природна катастрофа, треба да се утврдат со посебниот елаборат за асеизмична градба во делот на статиката и динамичка анализа на градбите, како составен дел на проектната документација.

Мерки за заштита од свлекување на земјиштето

На просторот досега не се забележани свлекувања на земјиштето.

Мерки за заштита од атмосферски непогоди

Со цел за поефикасна заштита задолжително е предвидување на современа громобранска инсталација на сите поголеми градби и нејзино континуирано одржување.

Како посебна мерка за заштита од силните ветрови, покрај комуникациите, претставува изборот на вегетацијата.

Мерки за заштита од пожар, експлозии и опасни материи

При подготовката на планската документација почитувани се пропишаните мерки и нормативи за заштита од пожари, експлозии и опасни материи, согласно Законот за заштита и спасување („Сл. Весник на РМ" бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и („Сл. Весник на РСМ„ бр 215/21), Законот за пожарникарството („Сл. Весник на РМ" бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16 и („Сл. Весник на РСМ" бр 152/19), како и соодветните подзаконски акти со кои се уредува оваа област.

При планирањето и проектирањето се земени предвид и одредбите од Правилникот за суштинските барања за заштита од пожар на градежните објекти („Сл. Весник на РМ" бр. 94/09), Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи („Сл. Весник на РСМ" бр. 231/20), како и Правилникот за техничките нормативи за хидрантска мрежа за гасење на пожари („Сл. Весник на РМ" бр. 26/18).

Во зависност од карактеристиките и намената на планираните објекти, при понатамошната разработка на проектната документација ќе се применуваат и соодветните технички нормативи, стандарди и други позитивни прописи од областа на заштитата од пожари, експлозии и опасни материи. Особено ќе се води сметка за обезбедување соодветни пристапи за противпожарните возила, услови за евакуација, соодветна противпожарна опрема и средства за гасење, како и услови за навремена интервенција во случај на пожар.

При проектирањето и реализацијата на планираните објекти потребно е да се обезбедат и соодветни мерки за спречување на појава и ширење на пожар, безбедна евакуација на присутните лица и заштита на материјалните добра, согласно карактеристиките на објектите и нивната намена.

Исто така, ќе се почитуваат и условите и мерките утврдени од надлежниот орган за заштита и спасување, како и останатите важечки прописи, стандарди и технички нормативи со кои е регулирана материјата од областа на заштитата од пожари.

Од урбанистички аспект противпожарната (ПП) заштита се предвидува од аспект на:

- брз и непречен пристап до градбите;
- градбите да се предвидуваат од тврда градба, со примена на огноотпорни материјали;
- при изработка на АУП да се води сметка за обезбедување на доволни растојанија;
- со сообраќајното решение и начинот на кој се предвидува изградбата да биде овозможее пристап на противпожарно возило од повеќе страни;
- во градот Ресен кој го опслужува овој плански опфат со ПП заштита, има противпожарна единица, која е опремена со противпожарни возила и со обучени лица за дејствување во случај на пожар, во склоп на севисните дејности;
- да биде обезбедена доволна количина на вода за гасење на пожар;

- во просторот предмет на Урбанистичка планска документација да се испланираат со АУП надворешни пожарни хидранти за гасење на пожарот што би ги зафатиле градбите и
- во понатамошната разработка на планот, обврзно да се реши громобранска инсталација со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

Се препорачува на изведувачот на градежните работи да во целост да ги почитува одредбите предвидени со Законот за безбедност и здравје.

Градежните работници да бидат опремени со лични и колективни средства за заштита при работа.

Другите елементи за противпожарна заштита ќе се утврдат со посебниот елаборат за противпожарна заштита како составен дел на Основниот проект.

9. План на мерки за мониторинг на животната средина

За изработка на ефективен план за управување, неопходно е најнапред да се спроведе оцена на статусот на сите природни вредности вклучувајќи го и здравјето на човекот. Во следниот чекор се определуваат цели и приоритети за управување. Дали превземените мерки и активности ги даваат посакуваните резултати се утврдува преку континуиран мониторинг. Податоците од мониторингот ќе бидат основа за изработка на следниот план за управување. Според тоа, мониторингот е составен дел од кружниот процес на планирање на управувањето.

При спроведување на планските решенија се воспоставува мониторинг, со цел да се утврди трендот на промени во животната средина предизвикани од реализација на донесените плански решенија. Планот за мониторинг на состојбите во животната средина има за цел да даде информации поврзани со:

- Квалитетот на живот и животниот стандард на локалното население;
- Состојбата во животната средина преку евентуални промени во квалитетот на воздухот, водите и почвата од спроведувањето на планските решенија;
- Одложување на отпадот на депонија, рециклирање на истиот и/или степенот на негово искористување како секундарна суровина;
- Заштита на ендемичните и ретки видови присутни на анализираното подрачје;
- Степенот на спроведување на предвидените мерки за заштита на природното наследство и
- Ефикасноста на предвидените мерки во случај на природни непогоди и хаварии.

Следењето на трендот на промени во животната средина и ефикасноста во спроведувањето на предвидените мерки за заштита служи како основа за елиминација или минимизирање на негативните влијанија од спроведувањето на планските решенија во иднина.

Научните истражувања во оваа проблематика имаат за цел да ги опишат процесите кои се одвиваат во екосистемите, интеракцијата помеѓу компонентите на екосистемот и нивното однесување во услови на надворешни влијанија. Проучувањето на процесите во животната средина се спроведува преку последователни мерења на претходно утврдени индикатори како показатели на промените во екосистемот. Анализата на податоците служи како основа за утврдување на трендот на промени и креирање на поефикасни мерки за ублажување или намалување на влијанијата.

Со секој предлог мерки за заштитата на животната средина потребно е да се изготви план за мониторинг на предложените мерки и мониторинг на животната средина. Во современото планирање на просторот, заштитата на животната средина и природата се остварува преку креирање на плански решенија кои содржат мерки за заштита на медиумите и областите во животната средина, природното наследство, пределската и биолошката разновидност, со цел навремено да се намалат сите потенцијални негативни

влијанија од спроведувањето на планот. Дополнително на тоа, се предвидуваат и мерки за елиминирање на последиците врз животната средина во услови на природни непогоди или хаварија и враќање на животната средина во првобитната состојба.

Доколку при изработката на урбанистичко планската документација или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се преземат мерки за заштита согласно Законот.

Планот на мониторинг предвидува следење на следните параметри во животната средина:

- Следење на квалитетот и квантитетот на водите;
- Следење на квалитетот на воздухот;
- Следење на квалитетот на почвата;
- Следење на бучавата.

Со овој план ќе се овозможи:

- Потврда дека договорените услови при одобрување на планот се соодветно спроведени;
- Управување со непредвидени влијанија и промени;

  Потврда дека влијанијата врз медиумите на животната средина се во рамките на предвидени или дозволени гранични вредности;
- Потврда дека со примена на мерките се врши заштита на животната средина, односно намалување на евентуалните влијанија.

10. Нетехничко резиме

Во извештајот за Стратегиската оцена за животна средина се земени се детали од планот, програмите и стратегиите, како и информациите кои се утврдени при изготвувањето, а се од особено значење за можните влијанија за животната средина.

Извештајот на овој плански документ ги опфаќа податоците за:

- Постојната состојба на планскиот опфат;
- Потенцијалните влијанија врз населението, здравјето на луѓето, флората и фауната, почвата, воздухот, водата, климатските фактори, материјалните добра, културното наследство и др.
- Мерките за заштита и намалување на влијанијата;
- Состојбата на животната средина без имплементацијата на планот;
- План за мониторинг на животната средина.

Согласно чл. 58 став (6) од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25 и 134/26) за градби и инфраструктури од државно и локално значење вон населени места и вон опфат на урбанистички планови, на земјоделско, шумско и друго земјиште, крајбрежни појаси и други простори за кои што не постојат услови и/или економска оправданост за донесување на урбанистички план, а постои соодветен или некатегоризиран сообраќаен пристап, врз основа на услови за планирање, може да се изработи урбанистички проект вон опфат на урбанистички план.

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за придружно услужни објекти на регионалниот пат Р1307 со намена А4.2 - мотели, на КП 202/6, дел од КП 181, дел од КП 183/1, дел од КП 202/1, дел од КП 202/5, дел од 203/2, дел од КП 204/2 и дел од 425, КО Шурленци, Општина Ресен се изработува врз основа на Услови за планирање на просторот со намена хотелски комплекси на КП 202/6, дел од КП 425 и дел од КП 181, КО Шурленци, Општина Ресен, со тех. бр. Y10424, март 2024 со Решение за услови за планирање на просторот бр. УП1-15 550/2024 од 14.03.2024 година и Дополна на услови за планирање на просторот за придружно услужни објекти на регионалниот пат Р1307, со намена мотели КО Шурленци, Општина Ресен со тех. бр. Y10424i, септември 2025, со Решение за услови за планирање на просторот бр. 15-3986/2 од 3.10.2025 година.

Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план се изработува во согласност со:

- Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25 и 134/26) и
- Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26).

Просторот кој е предмет на изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план се наоѓа на територијата на Општина Ресен, во КО Шурленци. Предметниот плански опфат ги зафаќа следниве катастарски парцели од КО Шурленци:

- КП 202/6, дел од КП 181, дел од КП 183/1, дел од КП 202/1, дел од КП 202/5, дел од КП 203/2, дел од КП 204/2 и дел од КП 425.

Површината на проектниот опфат во рамки на опишаните граници изнесува вкупно 25879,15м^2 (2,59 ха).

Предметната локација се наоѓа североисточно од населено место Сирхан, на надморска височина од околу 853м.

Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, просторот со намена хотелски комплекси, КО Шурленци, општина Ресен, влегува во граници на Национален Парк Галичица, и се наоѓа во близина на заштитен Споменик на природата Преспанско Езеро:

ГАЛИЧИЦА НП (Национален парк - заштитен)

Националниот парк Галичица се наоѓа во југозападниот дел на РСМ, на територија што се простира долж македонскиот дел од масивот на планината Галичица, Сува Гора и на делови од нејзините ограноци Исток и Пречна Планина, вклучително и островот Голем Град во Преспанското Езеро. Вкупната површина на Националниот парк Галичица изнесува 24.151,4 ха. Националниот парк, како комплексна целина со Охридското и Преспанското Езеро претставува релативно ограничена област со многу високо и богато ниво на биолошка разновидност, хетерогеност и ендемизам, проценета како најимпресивна европска локација, кога се зборува за богатство на биолошка разновидност и присуство на ендемични видови.

Релевантните регионални патни правци за предметната локација, според Просторниот план на Република Македонија, влегуваат во групата на регионални патишта Р1 и Р2 и се со ознака:

- Р1307 - (Ресен-врска со А3 - Царев Двор - Отешево - гр. со Р. Албанија-ГП Стење),
- Р2332 - Врска со Р1307 (Царина) - Трпејца (врска со А3 и Р1301).

Динамиката за реализација на мрежата, што ќе овозможи целосно опслужување на Републиката, ќе биде во функција на сообраќајните потреби (очекуваниот обем на сообраќајот), потребите за интеграција во европскиот патен систем, како и економската моќ на државата, а трасите на меѓународните и магистралните патишта, задолжително ќе поминуваат надвор од населените места и се предлага да се решаваат со денивелирано вкрстосување со останатата патна мрежа. При планирањето да се почитува Законот за јавни патишта („Сл. Весник на РМ" бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13,187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16) и („Сл. Весник на РСМ" бр. 174/21, 253/23, 224/24, 135/25 и 269/25).

До локацијата се пристапува од Регионалниот пат Р1307. Од регионалниот пат на северо-западната страна од проектниот опфат се надоврзува постоен локален пат во рамките на катастарската парцела 202/6, кој е асфалтиран и изведен со променлив профил и преку истиот се обезбедува пристап до содржините во рамки на истата.

Во рамките на опфатот евидентирани се повеќе објекти сите со катност приземје. Еден објект е со намена Б3.1 - ресторан. До него има еден

помошен објект. Единаесет објекти се со намена А4 - објекти за времено сместување и еден помошен објект. Евидентиран е и еден објект со намена Е1.8 - инфраструктури за пренос на електрична енергија - трафостаница. Во рамките на опфатот има изведено и едно спортско игралиште.

Останатиот простор е неизградено земјиште.

На подрачјето на катастарската општина Шурленци која е предмет на анализа има евидентирани незаштитени недвижни добра кои поседуваат елементи да бидат прогласени за споменични добра:

Цркви и Манастири:

- Св. Никола, с. Шурленци КП 233, обновена 1928 год.

Археолошки локалитети:

- Археолошки локалитет Кале, с. Шурленци, среден век, тврдина.

Анализираното подрачје се наоѓа во непосредна близина на значајно културно наследство и локацијата според Просторниот план на Охридско-преспанскиот регион (разработка на Просторниот план на Р. Македонија), се наоѓа во простор со културен предел и верски објекти каде треба да се почитуваат одредбите за заштита согласно законот.

Согласно допис од Министерство за култура - Управа за заштита на културното наследство број 17-2462/2 од 28.07.2025 год., во границите на опфатот не постои културно наследство, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Согласно добиеното писмо од Номагас (08-2906/2 од 23.06.2025 год.) на наведениот плански опфат нема изградено ниту планирано гасоводна мрежа.

Согласно допис од Дирекција за заштита и спасување ПО Ресен со број 09-77/2 од 25.06.2025 год. има посебни услови кои се вградени во текстуалниот дел и прописи кои се следат при изработката на планското решение во графичкиот дел.

Согласно добиеното писмо од ЈПДП со бр. 10-7500/2 од 04.07.2025 год., покрај предметниот проектен опфат поминува регионалниот пат Р1307 за кој е во плановите на Јавното претпријатие за државни патишта не е предвидено проширување ниту менување на сегашната траса.

Согласно добиеното писмо од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје 10-55/7-330 од 19.06.2025 год., добиени се податоци и прилог - графички приказ за постојна мрежа во рамките на проектниот опфат кои се вградени во планското решение.

Согласно добиеното писмо од МЕПСО со бр. 11-3698/1 од 25.06.2025 год., предметниот плански опфат не се пресекува со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО.

Согласно допис од Македонски Телеком АД со бр. 72667 од 19.06.2025 год., доставени се податоци за постојна МКТ инфраструктура во рамките на проектниот опфат кои се вградени во планското решение.

Согласно добиеното писмо од АЕК бр. 1404-1358/2 од 19.04.2024 год., доставени се податоци со кои располага Агенцијата за електронски комуникации, кои се вградени во планското решение.

Согласно добиениот допис од МВР - Оддел за информатика и телекомуникации, Сектор за телекомуникации бр. 11.2.75971/2 од 25.07.2025

год., не располагаат со податоци за постоење на телекомуникациска инфраструктура на МВР во предметниот опфат.

Планот со доследна примена на актуелната законска и подзаконска регулатива, треба да предложи развој што ќе овозможи подобар степен на искористеност на градежното земјиште и подобра комунална инфраструктура, како и непречена реализација на планските одредби.

Локацијата на кој се планира овој план припаѓа на планскиот опфат на Просторен план на Охридско-Преспанскиот регион заради што е неопходно да се почитуваат и планските одредби од овој регионален просторен план.

Предметната локација се наоѓа североисточно од населено место Сирхан, на надморска височина од околу 853м.

Просторот кој е предмет на изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план се наоѓа на територијата на Општина Ресен, во КО Шурленци. Предметниот плански опфат ги зафаќа следниве катастарски парцели од КО Шурленци:

- КП 202/6, дел од КП 181, дел од КП 183/1, дел од КП 202/1, дел од КП 202/5, дел од КП 203/2, дел од КП 204/2 и дел од КП 425.

Градежната парцела од северо-западната страна граничи со Регионалниот пат Р1307, на југо-источната страна се граничи со Преспанското езеро. Градежната парцела на северо-источната и југо-западната страна граничи со соседни парцели.

Главниот пешачки пристап и пристапот за автомобили е од северозападната страна.

Површината на проектниот опфат во рамки на опишаните граници изнесува вкупно 25879,15 м^2 (2,59 ха).

Со овој УП се разработува градежната парцела со тоа што во нејзините граници се предвидуваат површини за градење со соодветни урбанистички параметри. Надвор од границата на градежната парцела во опфатот се предвидува површина за сообраќај - влезно-излезни ленти за пристап до парцелата од регионалниот пат Р1307.

Согласно одобрената планска програма, во рамките на градежната парцела се предвидува комплекс од градби со основна класа на намена:

- А - домување и престој
- А4 - времен престој
- А4.2 - мотели.

Во рамки на комплексот од градби, за успешно спроведување и дополнување на основната класа на намена А4.2 - мотели, согласно одредбите од чл. 80-84 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26), во рамките на опфатот ќе се предвидат компатибилни класи на намени на градбите до максимум 40% од бруто површината на основната намена, како и комплементарни намени кои ќе обезбедат дополнување, функционално комплетирање и остварување на основната намена на градбата.

Во градежната парцела се предвидуваат следниве компатибилни класи на намени:

- Б - комерцијални и деловни намени

- Б1 - мали единици за комерцијални и деловни дејности.
- Б3 - големи единици за угостителска дејност
- Б6 - простори за собири и публика
- Д - зеленило, рекреација и меморијални простори
- Д3 - спорт и рекреација на зелени површини.

На КП 202/6 се наоѓа комплекс за времено сместување, кој се состои од објекти со намени А4 - времено сместување, Б3 - големи единици за угостителска дејност, Е1.8 - инфраструктури за пренос на електрична енергија - трафостаници и помошни објекти. Со предметниот УП се предвидуваат две нови површини за градење со намена А4.2 - мотели, а постојната трафостаница (со намена Е1.8 - инфраструктури за пренос на електрична енергија - трафостаница), се задржува во постојните граници.

Површината за градба 1.1 е со намена А4.2 - мотели и на истата се планира централната зграда на мотелот со сместување и пропратни содржини - рецепција, ресторан, конференциска сала и сл. Градбата ќе биде со катност П+2, и максимална висина до венец од 13,5м.

Површината за градба 1.2 е апроксимативна површина за градба во која со разработка на овој УП ќе се предвидат повеќе помали површини за градба, од кои секоја ќе биде поединечна единица за сместување со максимум 4 легла. Максималната катност на овие објекти ќе биде П+1, со висина до венец од 8,5м.

Површината 1.3, ограничена со информативна линија, е со намена Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија. Истата се наоѓа во рамките на заштитниот појас од регионалниот пат и затоа за неа не се предвидува иден развој развој и се задржува од постојните рамки.

Поради големиот пад на теренот во опфатот, од регионалниот пат кон езерото, котата на нултата плоча на објектите е одредена во однос на пристапната сообраќајница и истата изнесува 852,95 мнв.

Детални услови за ГП 1

За градежната парцела ГП 1 се предвидуваат следниве детални услови за проектирање и градење:

Основна класа на намена А4.2 - мотели

Компатибилни класи на намена (од ДУП) Б1 - мали единици за комерцијални и деловни дејности, Б3 - големи единици за угостителска дејност, Б6 - простори за собири и публика, Д3 - спорт и рекреација на зелени површини

Максимално дозволен % на учество на збирот на компатибилни класи во однос на основната 40%

Површина на градежна парцела 25134.91м^2

Вкупна површина за градење 7194,99м^2

Вкупно изградена површина за градба 16962,23м^2

Процент на изграденост 28,63%

Коефициент на искористеност 0,67

Максимална катност на градба П/П+1/П+2

Максимална височина на градба постојна/8,5м/13,5м

Влез во парцела од постоечки пристап од регионален пат Р1307.

Детални услови за градбите во ГП 1

Детални услови за градба 1.1
Намена на градба А4.2 - мотели
Површина за градење 2578,44м^2
Вкупно изградена површина 7735,33м^2
Катност П+2
Максимална височина на градба 13,50м
Паркирање 1 паркинг место на 8 легла
Детални услови за градба 1.2
Во рамките на оваа апроксимативна површина за градба, при спроведувањето на овој УП со идејни и основни проекти, може да се предвидат повеќе поединечни градби за сместување
Намена на градба А4.2 - мотели
Површина за градење 4610,35м^2
Вкупно изградена површина 9220,69м^2
Катност П+1
Максимална височина на градба 8,50м
Паркирање 1 паркинг место на 8 легла
Детални услови за градба 1.3
Намена на градба Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија (трафостаница)
Површина за градење 6,20м^2
Вкупно изградена површина 6,20м^2
Катност П
Максимална височина на градба постојна.

Основните решенија на комуналната инфраструктура се засноваат на постојната и планирана состојба. Истите се изработени во согласност со постојните важечки прописи за проектирање на ваков вид на објекти, приспособени на локалните услови, односно диктирани од нив (локациски, рељефни и условеноста од постојната изведена инфраструктурна мрежа).

До локацијата се пристапува од постоечкиот приклучок на Регионалниот пат Р1307, кој е потврден во Основниот сообраќаен проект за проектирање на мерки за подобрување на безбедноста на сообраќајот на регионален патен правец Р-1308 - Макази - Маркова Нога, граница Грција со стационажа 00+000км до стационажа 24+922км и кракот од Макази до граничен премин Стење, Република Албанија Р-1101 и Р-1307 со стационажа од 00+000 до 23+980 км, крак Асамати - Претор со стационажа 00+000км до стацонажа 03+555км, и кракот за манастир Св. Богородица од 04+500км или вкупна должина од 56+957км. Постојниот приклучок е помеѓу стационажа 12 + 300 и 12+ 400 и истиот е соодветно обележан со сигнализација.

Околу планираните површини за градба планирана е поплочена површина за движење на пешаци.

Стационарниот сообраќај делумно ќе се смести во рамките на предвидениот паркинг простор со 57 паркинг места, од кои 2 се за лица со инвалидитет, а доколку има потреба остатокот ќе се решава во рамките на предвидените површини за градење. Пресметката на бројот на потребни паркинг места ќе биде согласно чл. 134 од Правилникот за урбанистичко

планирање („Сл. Весник на РСМ” бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26).

За намената А4.2 - мотели потребни се:

- 1 паркинг место на 8 легла.

За предвидените компатибилни намени потребни се:

- За Б1- мали комерцијални и деловни дејности
- 1 паркинг место на 100м^2 од вкупно изградената површина
- Б3 - големи угостителски единици
- 1 паркинг место на 20м^2 од вкупно изградената површина
- Б6 - простори за собири
- 1 паркинг место на 8 - 16 гледачи во зависност од локалниот степен на моторизација.

Објектите кои се планираат во рамки на опфатот ќе се приклучат на постојна водоводна мрежа која се наоѓа во непосредна близина.

Во рамки на опфатот или во непосредна близина, нема фекална или атмосферска канализација. Поради тоа се предвидува водонепропусна септичка јама во рамки на опфатот. Точните димензии и типот на септичката јама ќе се дефинираат со разработка на Основниот проект.

Приклучок на објекти со електрична енергија ќе се изведе во договор и по инструкции на правни субјекти што стопанисуваат со нив, на ниво на градот Ресен, а врз основа на предложеното проектно решение и соодветните техничките норми и прописи. Согласно техничките нормативи, профилите за инсталациите внатрешно за градбите и градежната парцела ќе се определат со основниот проект, а ќе се приклучат на постоечката трафостаница и планираните инфраструктурни линии и објекти.

Самото приклучување во постојната телефонска мрежа на планираните телефонски корисници ќе се изврши со приклучок до постојните телекомуникациски инсталации во согласност со Македонски Телеком АД-Скопје.

Треба да се земе во предвид и анализата на алтернативи од која се прави аспект за избор на најдобро решение за намена на локацијата заедно со нејзината економска оправданост, идеен развој, финансиски можности и заштита на животната средина.

Кога станува збор за мониторинг за животната средина се дава можност за испитување, оценување и системско набљудување на загадувањето и состојбата на медиумите во животната средина како и идентификација и регистрација на изворите на загадување. Планот на мониторингот претставува алка помеѓу сите вклучени страни и претставува основа за надлежните институции во кој ќе го контролираат процесот на спроведување на законската регулатива и да донесуваат одлуки.

Најголем бенефит во спроведувањето на стратегиската оцена на животната средина е во вклучување на аспектите од полето на социјалата, економијата и животната средина, меѓусебната соработка, развој на регионалните цели и целите за одржлив развој и заштита на животната средина и луѓето.

11. Прилози

Листа на национална законска регулатива

1. Закон за животна средина („Сл. Весник на РМ” бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и („Сл. Весник на РСМ” бр. 89/22, 171/22, 3/25 и 124/25);
2. Уредба за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина („Сл. Весник на РМ” бр. 74/05);
3. Уредба за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапката за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето („Сл. Весник на РМ” бр. 153/07);
4. Уредба за содржината на извештајот за стратегиска оцена на животната средина („Сл. Весник на РМ” бр. 153/07);
5. Уредба за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето („Сл. Весник на РМ” бр. 144/07);
6. Уредба за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина („Сл. Весник на РМ” бр. 147/08);
7. Закон за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ” бр. 32/20, 111/23, 171/24 и 224/24);
8. Законот за квалитет на амбиентниот воздух („Сл. Весник на РМ” бр. 100/12-пречистен текст, 10/15 и 146/15) и („Сл. Весник на РСМ” бр. 121/21 и 3/25);
9. Правилник за критериумите, методите и постапките за оценување на квалитетот на амбиенталниот воздух („Сл. Весник на РМ” бр. 67/04);
10. Закон за водите („Сл. Весник на РМ” бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16) и („Сл. Весник на РСМ” бр. 151/21 и 3/25);
11. Уредба за класификација на водите („Сл. Весник на РМ” бр. 18/99);
12. Уредба за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води („Сл. Весник на РМ” бр. 18/99 и 71/99);
13. Уредба за класификација на водите („Сл. Весник на РМ” бр. 18/99);
14. Закон за отпад („Сл. Весник на РСМ” бр. 216/21 и 3/25);
15. Листа на отпади („Сл. Весник на РМ” бр. 100/05);
16. Закон за заштита од бучава во животната средина („Сл. Весник на РМ” бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15) и („Сл. Весник на РСМ” бр. 121/21 и 3/25);

17. Одлука за утврдување во кои случаи и под кои услови се смета дека е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава („Сл. Весник на РМ" бр. 64/93);
18. Закон за заштита на културното наследство („Сл. Весник на РМ" бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19) и („Сл. Весник на РСМ" бр. 3/25 и 160/25);
19. Закон за заштита на природата („Сл. Весник на РМ" бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 63/16 и 113/18) и („Сл. Весник на РСМ" бр. 121/21 и 3/25);
20. Закон за безбедност и здравје при работа („Сл. Весник на РМ" бр. 92/07, 136/11, 23/13, 25/13, 137/13, 164/13, 158/14, 15/15, 129/15, 192/15, 30/16 и 27/18).

Листа на релевантни ЕУ директиви

Директиви на ЕУ ипфатени во Национална стратегија за апроксимација во животната средина (2008). Релевантни се и нивните измени и дополнувања:

1. Рамковна директива за отпад (2006/12/ЕС)
2. Рамковна директива за квалитет на амбиентен воздух (96/62/ЕС), дополнета со Регулативата (ЕС) 1882/2003
3. Рамковна Директива за вода (2006/60/ЕС) дополнета со Одлуката 2455/2001/ЕС
4. Директива за вода за пиење (98/83/ЕС) дополнета со Регулативата (ЕС) 1882/2003
5. Директива за Стратешка оцена на животна средина (2001/42/ЕС)
6. Директива за пристап на информации за животната средина (2003/4/ЕС)

Додаток

/1

Врз основа на член 65 став 6 од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 89/22 и 171/22), Градоначалникот на Општина Ресен , на ден 14.07.2026 година, донесе

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за придружно услужни објекти на регионалниот пат Р1307 со намена А4.2 - мотели на КП 202/6, дел од КП 181, дел од КП 183/1, дел од КП 202/1, дел од КП 202/5, дел од КП 203/2, дел од 204/2 и дел од КП 425, КО Шурленци, ОПШТИНА РЕСЕН, кој се носи согласно чл.58, ст.(6) од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Ресен, www.resen.gov.mk.
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животната средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за придружно услужни објекти на регионалниот пат Р1307 со намена А4.2 - мотели на КП 202/6, дел од КП 181, дел од КП 183/1, дел од КП 202/1, дел од КП 202/5, дел од КП 203/2, дел од 204/2 и дел од КП 425, КО Шурленци, ОПШТИНА РЕСЕН нема влијание врз животната средина од следните причини: А4.2 - мотели од аспект на животната средина не придонесува за загадување, уништување или на друг начин деградирање на истата или на екосистемите во предметниот простор на урбанизација. Со изградбата на овој тип објекти нема да влијае на животната средина. Согласно чл.54, ст.(1) од Законот за урбанистичко планирање, предметното земјиште кое со оваа проектно планска документација се урбанизира добива статус на градежно земјиште со нивното одобрување.

Инвеститорот во подоцнежните фази од постапката се задолжува со изработка на Елаборат за животна средина, за чие одобрување на истиот е надлежен Градоначалникот на општина Ресен.

4. Против оваа одлука, јавноста има право на жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
Бр. БР 09-2133/1
Место, Ресен 20.07.26 ГОД РЕСЕН

Градоначалник на општина Ресен
Јован Тозиевски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РЕСЕН РЕСЕН

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

09
20.08.2026

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

Арх. бр./Nr. ark. 15-2620/3

Дата/Data: 14-08-2026

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
Примено: 20. 08. 2026
09 2133/4

До: Општина Ресен
7310 Ресен
Република Северна Македонија

Deri te: Komuna e Resnjës
7310 Resnjë
Republika e Maqedonisë së Veriut

Предмет: Достава на Решение за Спроведување на стратегиска оцена на влијанието врз животната средина
Врска: Ваш бр. 09-2133/3 од 20.07.2026 година

Lënda: Dorëzim i Aktvendimit për Realizimin e vlerësimit strategjik të ndikimit në mjedisin jetësor
Lidhja: Nr. Juaj 09-2133/3 nga data 20.07.2026

Почитувани,

Të nderuar,

Во врска со Вашето барање под бр. 09-2133/3 од 20.07.2026 година, доставено до Министерство за животна средина и просторно планирање - Сектор за просторно планирање под арх. бр. 15-2620/1 од 30.07.2026 година, во однос на Одлука за неспроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животна средина поврзано со планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за придружно услужни објекти на регионалниот пат Р1307 со намена А4.2 – Мотели на КП бр. 202/6, дел од КП бр. 181, дел од КП бр. 183/1, дел од КП бр. 202/1, дел од КП бр. 202/5, дел од КП бр. 203/2, дел од КП бр. 204/2 и дел од КП бр. 425, КО Шурленци – Општина Ресен, а врз основа на член 65 став (13) и (17) од Законот за животната средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и "Сл.весник на РСМ" бр. 89/22 и 171/22), Министерство за животна средина и просторно планирање донесе Решение со кое ве задолжува да спроведете постапка за Стратегиска оцена на влијанието

Në lidhje me kërkesën Tuaj me nr. 09-2133/3 nga data 20.07.2026, të dërguar në Ministrinë e mjedisit jetësor dhe planifikimit hapësinor - Sektori për planifikim hapësinor me nr. ark. 15-2620/1 nga data 30.07.2026, në lidhje me Vendimin për mosrealizimin e vlerësimit strategjik të ndikimit në mjedisin jetësor që ka të bëjë me dokumentacionit planifikues për Projekt urbanistik jashtë zonës së planit urbanistik për objektet shërbyese përcjellëse përgjatë rrugës rajonale R1307 me destinim A4.2 – Motele në PK nr. 202/6, pjesë e PK nr. 181, pjesë e PK nr. 183/1, pjesë e PK nr. 202/1, pjesë e PK nr. 202/5, pjesë e PK nr. 203/2, pjesë e PK nr. 204/2 dhe pjesë e PK nr. 425, KK Shurllenci – Komuna e Resnjës, dhe bazuar në nenin 65, paragrafët (13) dhe (17) të Ligjin për mjedisin jetësor ("Gz.Zyrtare e RM" nr. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 dhe 99/18 dhe "Gz. Zyrtare e RMV" nr. 89/22 dhe 171/22), Ministria e mjedisit jetësor dhe planifikimit hapësinor sjell Aktvendim që ju detyron të realizoni procedurën për Vlerësim strategjik të ndikimit në mjedisin jetësor lidhur

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

врз животна средина поврзано со планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за придружно услужни објекти на регионалниот пат Р1307 со намена А4.2 – Мотели на КП бр. 202/6, дел од КП бр. 181, дел од КП бр. 183/1, дел од КП бр. 202/1, дел од КП бр. 202/5, дел од КП бр. 203/2, дел од КП бр. 204/2 и дел од КП бр. 425, КО Шурленци – Општина Ресен.

me dokumentacionit planifikues Projekt urbanistik jashtë zonës së planit urbanistik për objektet shërbyese përcjellëse përgjatë rrugës rajonale R1307 me destinim A4.2 – Motele në PK nr. 202/6, pjesë e PK nr. 181, pjesë e PK nr. 183/1, pjesë e PK nr. 202/1, pjesë e PK nr. 202/5, pjesë e PK nr. 203/2, pjesë e PK nr. 204/2 dhe pjesë e PK nr. 425, KK Shurllenci – Komuna e Resnjës.

Со почит,

Me respekt,

МИНИСТЕР/MINISTËR
Muamet Hoxha

Изработил/Përpiloi: Zarije Abazi
Одобрил/Miratoi: Nebi Rexhepi

Прилог/Shtojcë:
Решение за спроведување на стратегиска оцена на влијанието врз животната средина со бр. 15-2620/2
Aktvendim për realizimin e vlerësimit strategjik të ndikimit në mjedisin jetësor nr. 15-2620/2

Користена литература

- Просторен план на РМ, 2004;
- Планска документација за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за придружно услужни објекти на регионалниот пат Р1307 со намена А4.2 - мотели на КП 202/6, дел од КП 181, дел од КП 183/1, дел од КП 202/1, дел од КП 202/5, дел од КП 203/2, дел од КП 204/2 и дел од КП 425, КО Шурленци, општина Ресен;
- Директива за стратегиска оцена на животна средина (2001/42/ЕС);
- Домашни и меѓународни документи, планови, програми и стратегии;
- Достапни искуства и практики.